**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осмото продолжение на Шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 октомври 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Зоран Витанов, Ристо Пенов, Андреј Жереновски, Роза Топузова-Каревска, Јован Манасијевски, Слободан Најдовски, Верица Филипова, Кенан Хасипи, Хади Незири, Марјан Додовски, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Абдуладин Весели, Сафет Незири и Блерим Беџети ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Кој се пријавува за збор?

Има збор господин Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Јас не барав збор за текстот, туку барав збор да дадам процедурална забелешка, затоа што ние сме сведоци дека во текот на расправата по Предлог законот за полиција за цело време се прекршуваат сите процедури овде во Собранието. Не се почитува Деловникот за работа на Собранието, не се почитува ниту Уставот итн.

Токму поради ова земав збор, уште еднаш на претседавачот на Собранието, на седницата да му дадам до знаење дека не е во ред ова што се случува тука во Собранието. Ова го велам затоа што, кога всушност претседавачот ја затвори расправата имаше пријавени над 15 за процедурална забелешка. На сите ним им го одзеде зборот, всушност не им даде збор да тие го изразат своето мислење, што им го овозможува Деловникот за работа на Собранието, да можат да земат збор за да искажат процедурална забелешка, да кажат зошто бараат збор, кое е нивното мислење за процедурата итн.

Ова продолжува и денеска. Претседавачот на Собранието вели дека тој ден била затворена процедуралната расправа и денес треба да се отвори расправа, претрес по текстот на законот. Тоа е нешто што уште еднаш ја потврдува нашат констатација дека и понатаму парламентарното мнозинство продолжува со нивниот пристап, со надгласување или непочитување на Деловникот и по секоја цена да се отвори претрес по предлог на законот.

Уште еднаш ќе кажам дека ова не е во ред. Би било во ред да господинот Георгиевски им даде збор на сите оние кои бараат процедурална забелешка па потоа да преминеме на претрес по текстот на Предлогот на закотнот. Доколку ова не се случи, мислам дека не придонесуваме на она што сите се обидуваме и настојуваме во нашата држава навистана да имаме целосна демокартија, а доколку демократските правила се прекршуваат токму од нас, овде, во Собранието, тогаш што да очекуваме во другите органи на државата некои да ги почитува нашите закони или одлуки. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи минатиот пат веќе прејдовме на претес по текстот Предогот на законот, давам збор на Лалчевска Ристана. Повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

(Пратеникот Рафис Алити од место протестира со зборовите дека тој барал претседателот да даде збор на сите оние кои биле пријавени, а тој тоа не им го овозможил)

**Љубиша Георгиевски:** Водевме едночасовна процедурална расправа. Јас им дадов збор на сите, според членот 166. Потоа почнаа да се јавуваат вон од договорот. Јас не можам да водам само процедурални расправи.

(Гласни протести од пратеници)

Јас ја водам седницата, не вие.

(Реакции со дофрлања од место)

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе ...

(Дофрлувањата и протестите продолжуваат)

Ве молам колеги, навистина е потребно да се слушнеме.

**Љубиша Георгиевски:** Тишина, да се слушнеме.

**Ристана Лалчевска:** Би сакала неколку зборови по однос текстот на законот за полиција, да искажам во насока на подршка на овој текст што долго беше дебатиран како во првата фаза, така и сега. Беа поднесени бројни амандмани. Дел од нив беа прифатени, се изврши една корекција на текстот на законот и дојдовме до овој Предлог на текст за кој што дебатираме.

Не би сакала да зборувам за значењето на законот за полиција, затоа што овие денови беше многу дебатирано, како еден од приоритетите што Македонија треба да го донесе. Сите ние, во оваа сала, добро знаеме колку е значајно што поскоро да го изгласаме овој текст на закон. Иако постојат мислења дека не е совршен, меѓутоа ниту еден закон не е совршен. Неговата примена и имплементирање ќе покаже каде има простор за корекции, па низ еден таков процес на имплементација на законот со можност за корекции таму каде текстот не е совршен, Македонија ќе дојде до еден закон што ќе биде прифателив и ќе овозможи на еден начин да ја реформираме поставеноста на Полицијата, пред се во организациска смисла, така и во начинот на постапување.

Не би сакала многу да должам, меѓутоа би сакала да истакнам една своја забелешка по однос на членот 33. Ја повикувам министерката да го изанализира, бидејќи со прифаќањето на амандманите, мислам дека сега се појавува од уредување на овој член. Тоа е потребно, затоа што во првиот став, во кој што се говори за униформирани лица се прифати амандманот, па сега самото легитимирање не е по барање на граѓаните, туку е обврска на униформираниот полицаец да се легитимира. Во следниот став, исто така, со друг редослед на зборови е пропишана истата обврска, односно најнапред да се легитимира. Затоа мислам дека е потребно овие два ставови да се разгледаат и уредат, бидејќи сега и во униформа и полицаец кој не е во униформа, пропишува обврска за негово легитимирање. Во првиот и во вториот став е користена различна конотација на зборови. За тоа ја молам министерката да го разгледа тоа и овој член да го уреди, на некој начин текстот да се усоврши. Тоа е една забелешка што сакав да ја искажам.

Инаку, Либералната партија и во првата фаза и покрај забелешките што ги изнесе по законот, дел од нив се прифатени по однос на внесување на асистенцијата при постапување на извршителите итн., и тогаш даде свој придонес кон овој закон и сега ќе ја дадеме нашата подршка со надеж дека со отпочнувањето на примената на овој закон после прва година, брзо ќе се имплементира и ќе доведе до реорганизирање на нашата полиција. Сето ова е во насока на нејзино подобро работење во служба на граѓаните. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господни Алити Равис барате збор или пак процедурално?

**Рафис Алити:** Барам збор процедурално.

**Љубиша Георгиевски:** Не давам повеќе збор, процедурално.

(Реакции од пратениците, а пратеникот Рафис Алити се упати кон говорницата со зборовите: - не можеш да не ми дадеш)

Тоа е мое право.

**Рафис Алити:** Од каде знаеш за што сакам да зборувам.

**Љубиша Георгиевски:** Ајде, повелете ако е нешто ново.

**Рафис Алити:** Не повелете, како повелете, од каде знаеш дали е ново или не.

**Љубиша Георгиевски:** Ако е според членот 166, не.

**Рафис Алити:** Од каде знаеш дека ќе биде **ново.**

**Љубиша Георгиевски:** Процедура водевме еден час.

**Рафис Алити:** Однапред знаеш дека ќе зборувам за член166,од каде?

**Љубиша Георгиевски:** Ајде, ајде.

**Рафис Алити:** Однапред знаеш за што ќе барам процедурално.

**Љубиша Георгиевски:** По втор пат барате збор за пет минути. Ако побарате по трет пат што да правам јас. Пак да ви дадам?

**Рафис Алити:** Ма не е точно тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Како не е точно. Сега говоревте.

**Рафис Алити:** По стоти пат ќе барам процедурално...

**Љубиша Георгиевски:** Ајде, ајде.

**Рафис Алити:** Ќе барам збор процедурално по стоти пат за нешто друго.

**Љубиша Георгиевски:** Ајде, за друго може.

**Рафис Алити:** Тоа ми го дозволува Деловникот.

**Љубиша Георгиевски:** Можете. И јас го дозволувам. Ајде.

**Рафис Алити:** Нема што да ми дозволиш. Го дозволува Деловникот.

Ќе ми дозволи?!

Барам пауза од еден час. Тоа е.

**Љубиша Георгиевски:** Петнаесет минути.

**Рафис Алити:** Еден час, како петнаесет минути.

(Реакции од пратениците)

**Љубиша Георгиевски:** Добро, половина час.

(Реакции со дофрлања од пратениците).

**Рафис Алити:** Половина час?! Ќе се пазариме.

(Дофрлања со протести)

**Љубиша Георгиевски:** Половина час.

(Пратениците отидоа на пауза во 11,11 часот)

(По паузата седницата продолжи во 11,43 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Положани Азис, тој сега излезе и ќе се врати, ќе добие збор.

Пратеникот Пачемски Миле нека повели за збор.

**Миле Пачемски:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, веќе осми ден како дискутираме по амандманите и по Текстот на Законот за полиција, што е сосема оправдано, бидејќи се работи за многу важен закон, Закон кој сме обврзани да го донесеме во што поскоро време, а со тоа не условува ЕУ. Затоа е добро тој закон да се донесе со што поголемо мнозинство, што поголем број пратеници кои ќе гласаат за Законот.

Важноста на овој закон почитувани пратеници се огледа и во тоа што беа поднесени голем број амандмани на текстот на овој закон, мислам дека беа околу 60 амандмани и еден добар дел од овие амандмани прифати Владата на Република Македонија. Бевме сведоци во изминатите осум дена дека имаше извесни емоции, особено од колегите од ДУИ, служење со некои непопуларни мерки и методи во нивниот начин на делување. Тоа сосема го разбираме и е сосема нормално, бидејќи тие сакаат да придонесат Законот да

биде што поприфатлив и за самите нив. Тука потполно ги разбираме нашите колеги од ДУИ.

Ние како парламентарно мнозинство сме обврзани, а тоа го ветивме пред граѓаните на Република Македонија, дека ќе се бориме за побрзо остварување на сите реформи во сите сегменти на општественото живеење во државата. Оттука и овој закон, односно текст на Предлогот на законот за полиција ние сакавме што побрзо да се донесе.

Почитувани пратеници, ние ја имавме таа доблест, иако бевме свесни дека тој закон беше составен и беше напишан од нашите колеги од СДСМ и ЛДП, но имајќи предвид дека сакавме брзо да се донесе тој закон, ја имавме таа доблест тој закон напишан од нив да го ставиме во Собраниска процедура со цел негово побрзо изгласување.

Ние сме свесни дека Законот не е идеален, туку во него има доста пропусти, меѓутоа, се надевам дека во иднина таквите малли недостатоци ќе бидат ккорегирани. Ние како Парламентарно мнозинство бевме охрабрени, се надевам дека сеуште сме охрабрени, од она општо мислење во јавноста дека колегите на СДСМ и ЛДП имаат или пак имале начелна согласност дека тој закон ќе го прифатат. Тоа ни дава надеж дека навистина овој закон ќе го донесеме со поголем број гласови на Парламентарниот состав.

Ќе повторам дека не може се да биде идеално. Знаеме дека во тој закон има и некои пропусти, меѓутоа времето не ни дозволува да водиме јалови дискусии и некои работи да се одолговлекуваат во Република Македонија. На пример, ќе го спомнам членот 20. Во него се зборува за секторите за внатрешни работи во Република Македонија. Јас бев на мислење дека е потребно да има Сектор за внатрешни работи и во Прилеп и во Кочани, бидејќи тоа се големи подрачја, големи градови и за тоа се изразив позитивно. Меѓутоа, не беа прифатени нашите предлози од Владата на Република Македонија. Се надевам дека во иднина и тие градови ќе бидсат вметнати во тој закон за полиција.

На крајот почитувани пратеници се изјаснувам дека ќе гласам позитивно за тој закон, биејќи тоа е во интерес на Република Македонија и тоа го бара од нас ЕУ.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Се збор се јави господинот Азис Положани.

Повелете.

**Азис Положани:** Благодарам.

Почитувани колеги пратеници, почитуван господине претседател, дами и господа,

Денес сме принудени да расправаме во однос на еден нов пристап во однос на коментарот на Деловникот, бидејќи не ни се даде можност и поголем простор да придонесеме повеќе за подобрување на овој Предлог закон, туку врз основа на еден вид диктат дојдовме во состојба на овој начин, користејќи ја процедуралната можност и во однос на Деловникот и во оваа фаза од Законот да се потрудиме да го направиме тоа, или тоа за што Парламентарното мнозинство до сега беше глуво, да се обидеме да аргументираме дека Законот за полиција како значаен закон може да биде многу подобар, може да им служи подобро на граѓаните и може во себе да опфати стандарди и соодветни елементи кои ќе помогнат на самите граѓани и ќе се направи еден посилен исчекор во нашите обврски како во однос на нашите интеграции, така и кон самите себе, а тоа е дел и од Охридскиот договор.

Дозволете да кажам дека нема потреба од никаква нервоза, како што се случи претходно со вашиот дијалог со господинот Рафис Алити, бидејќи ние знаеме и ги бараме нашите права кои ни припаѓаат согласно Деловникот и само со еден транспарентен пристап можеме да дојдеме до вистината. Иако можеме да ве разбереме бидејќи творците во целина, писатели или режисери, кога се во рамките на нивната професија - секако, ова не треба да го разберете во негативна конотација - се диктатори по својата природа. Тие се такви, вие ќе се зачудите или ќе се насмеете но јас ќе ви кажам зошто. Бидејќи тие пред нив имат нивни личности кога го пишуваа текстот на една драма или книга и тие личности го прават тоа како што ќе им се наложи. Но секако ова е еден друг сегмент на вокација, тука сме во една средина кога треба да бидеме над тоа што фактички го носиме како елемент на професионална деформација, но да имаме и еден добар пристап кон Предлог законот, бидејќи целата филозофија на Законите за полиција во светот и успехот во примената во сите документи се опфаќа со една сентенца и со една реченица, која на англиски значи: Коминикејшн енд кооперејшн бејнс он траст. Тоа значи добра комуникација и соработка заснована на заемна доверба. Сето ова е основа или клучна теза околу која треба да се движи и овој закон, но и потребата овој закон да биде применлив и прифатлив за сите, бидејќи само на тој начин тој може да функционира.

Почитувани пратеници, денес пред нас е Законот кој има 132 членови и во постапката за разгледување на амандмани се прифатија неколку предложени амандмани. Бројот на тие амандмани не можам да го кажам, па затоа би било добро, иако во Деловникот не знам дали е уредено ова пашање, почитуван господине Георгиевски, во меѓувреме да се направат напори овој изменет и дополнет закон пред да стапи во сила, бидејќи не е изгласан, за наше појаснување да добиеме една копија на текстот, што би било во функција на наше појаснување, да знаеме што е прифатено а што не е прифатено бидејќи дојдовме во една состојба кога амандманите кои беа предложени од разни пратеници земаа облик на еден комичен патетизам. Во име на интересот на Македонија поголемиот дел од амандманите се повлече, а уште повеќе имавме информација или некој имал информација дека овој закон треба да го

донесеме во определен рок часови или денови во Македонија. Затоа, во интерес на сето ова се правеше и тој исчекор од страна на пратениците. Јас сметам дека со ова бевме ставени во неправедна состојба со другите пратеници, кои исто така имаа потреба или сакаа да придонесат Македонија навистина да чекори брзо и силно кон европските интеграции, но секако не на товар на правата на граѓаните и на самите граѓание. И амандманите беа во таа насока, тие беа во функција на подобрување на овој закон и во функција на создавање на што поприфатлив закон. Беше несватлива таа постапка, но секако тоа е право и останува како право на секој пратеник за своите предлози да го направи тоа што сака да го направи. Како што реков, законот ма 132 членови и имајќи предвид дека сме во завршната фаза од донесувањето на законот, не можам а да не кажам, за да го донесеме овој закон имаше и други фази.

Дозволете ми да кажам почитувани пратеници дека имавме прва фаза која веќе помина и втора фаза прифатена како таква во целина од една друга Влада, немајќи ги предвид аргументите и забелешките поднесени во првата фаза од овој закон. Овде имаме еден парадок. Имено, ние кои сме во опозиција ги штитиме ставовите на тогашната опозиција, додека сегашната позиција фактички ги штити ставовите на тогашната позиција. Ова се кажа и од нашите претходни говорници, но дозволете и јас да кажам дека сегашното парламентарно мнозинство немаше и нема мандат за такво нешто, бидејќи гласовите ги доби за тоа што го кажала тогаш и во тоа време, а не за ова што го кажува денес. Ова е прашање на кредибилитет, ова е прашање на пристап и политички морал на секој субјект. Граѓаните имаат право и можност овој елемент да го анализираат и да го согледаат согласно со нивните определби. Како што се произнесе пратеникот Пачемски, кој ми е мило што зема збор пред мене заради моето отсуство, бидејќи е еден пратеник со стручни и високи професионалци, како лекари се познаваме од стручен аспект, но во неговата дискусија кажа искрени работи кои беа и наши забелешки во однос на секторите, а јас ќе се обидам истите да ги аргументирам.

Ова е првата димензија која во суштина не тера да размислуваме и ние и граѓаните во однос на текот на донесувањето на овој закон и нашето инсистирање во сите процедурални забелешки или преку амандмани да се освестиме или да ги охрабриме бидејќи е свесно парламентарното мнозинство, значи главно да го охрабриме парламентрното мнозинство да изнајде поинаков пристап за овој закон во согласност со нивната предизборна понуда, нивните концепти и вака да го сочува својот кредибилитет и да биде еден оригинален производ,нормално, не само нивен. Секако, за ова требаше да имаме консензус, но главно на таа партија која доби најмногу гласови во Република Македонија.

Второ, мислам господине претседателе да нагласам уште еднаш, иако површно кажав во расправа по еден амандман, дека Законот за полиција не треба да зачуди никого и никого не треба да вознемири заради долгите расправи и загриженоста што се искажа тука, па заради тоа во последната фаза предложивме неколку амандмани со цел да создадеме простор за разбирање и да изнајдеме време да зрачиме позитивно и позитивно да му приjдеме на овој закон. Ова Не се разбра добро од Парламентарното мнозинство и со арбитрарен пристап се отфрлија нашите предлози. Ова е одговорност на мнозинството и ние овде продолжуваме да расправаме, бидејќи не треба да се чудите, дозволете ми да го коментирам моментот на почетокот на овој закон.

Во Охридскиот договор, почитувани дами и господа, прашањето во врска со полицијата е дел од две поглавја на истиот и тоа Анексот Б, значи правниот аспект, заради тоа овој закон пред нас е дел од Охридскиот договор, и Анексот Ц, кој се занимаваше со непосредни ургентни мерки на изменување на структурата во функција на взаемна доверба. Тоа беше едно сериозно прашање, дебатирано, аргументирано и контрааргументирано од сите страни, за кое господинот Солана прифати два пати да дојде во Охрид, каде се расправаше и ова прашање. Значи, се говори за еден сегмент кој нема ниту партиска конотација, бидејќи луѓето кои бевме тогаш таму не говоревме за партиски позиции, туку говоревме како два етникума кои требаше да го најдеме мировниот пат за заокружување или за надминување на создадената состојба во 2001 година. За едно такво нешто беше сосема разбирливо Законот за полицијата кој го уредува ова прашање да биде изговен на тој начин, што ќе го гарантира тоа што го реков, добра комуникација, соработка заснована врз взаемна доверба, која што реков дека е клучната основа на овој закон. Како што реков, господинот Солана тогаш дојде два пати за да го надминеме сето тоа и се изнајде оваа солуција која е пред нас. Значи, со сите добри или лоши страни, со сите недостатоци или предности кои ги има, ова беше компромисот кој се донесе во Охрид и од овој компромис немаме ниту право ниту причина да зборуваме сега по потпишувањето на договорот да зборуваме дали е добар или не е добар. Времето ќе покаже за Охридскиот договор што функционираше, што не функционираше и што треба да се подобри. Бидејќи се говори за прв закон кој ги тангира овие прашања, сега беше време на достоен начин да се создаде можност и сегашната опозиција да расправа за ова прашање, бидејќи оваа расправа ја имавме и како позиција во минатиот мандат со истите аргументи. Како што реков, ова не се случи. Зошто е ова толку значајно прашање веќе реков, тоа е и во Охридскиот договор. И во првото излагање полемизирав со тоа што го рече госпоѓата министер во воведното излагање, бидејќи ова е една обврска која произлегува од

Договорот за стабилизација и асоцијација, но ова е и една обврска која произлегува од тоа и е во функција на реформите во полицијата како управни и реформи на нашиот систем, но уште повеќе е како обврска која произлегува пред се од Рамковниот договор. Затоа секогаш кога се оди во Брисел, говориме за Рамковниот договор и ни се укажува дека треба да се донесе и овој закон во врска со Охридскиот договор, а не заради Спогодбата за стабилизација и асоцијација, што не значи дека треба да се запостави втората спогодба.

Значи тоа е еден закон кој претендира преку транспарентни решенија, преку стандардизацијата како на структурата така и на постапките во функција на сочувувањето на правата на човекот, како и заштитата на тие заедници кои од несоодветниот пристап и од закон и наметнати со монистички дух од минатото, да не бидат плен заедниците, а и граѓаните, но и немнозинските заедници кои традиционално имале и имаат морално право за овој закон и повеќе да се сослушаат. Затоа, се инсистира и синоќа сакав да ја поддржам декларацијата на амбасадорот на САД кој уште еднаш нагласи дека не е важно времето, туку значајно е законот, поради ова наше минато или овој пристап од минатото треба да се обезбеди една појака поддршка и политички и етнички консензус.

Дозволете ми една мала дигресија да кажам, тоа што се случи овде и во овие денови на парламентарната расправа, поради различни причини од еден или од друг пристап го докажа спротивното. Велам, за жал, бидејќи не само што не успеавме со сите досегашни изгледи досега, бидејќи се надевам со нашите аргументи сеуште мислиме дека може да се создаде простор за пошироко сфаќање, но не успеавме да обезбедиме широк етнички консензус, туку го загрозуваше и политичкиот консензус со постапките и пристапот, кој сега веќе е и една поширока структура од опозицијата, но и една морална убледеност и од страна на позицијата. Исто така и на луѓето кои се во опозицијата за членот деклариран од неколку лица од оваа структура, законот го прават врз една сомнителна основа, значи консензуална како политичка, исто така и етничка, нешто што не е добро. Јас знам дека вие велите и госпоѓата министер дека ова не е се и посебно во една телевизиска емисија од стручњакот за внатрешни работи само што не рече дека ова не е во ред, знаеме дека не е добро, но ова е еден прв чекор и во текот на годината или за две години ќе го уредиме и ќе го средиме сето тоа. Јас барам објаснување и од госпоѓата министер дали говореше за тој вид подобрување дека може да се направи во рамките на законот како дел на подзаконските акти, што мислам дека не е прифатливо и не е доволно со подзаконски акти, па секој граѓанин може да се повикува кој како ќе ги менува законите или можеби Владата има намера и сега по оваа расправа да ја разгледа својата позиција и да изнајдеме консензус или можеби во текот на годината да седнеме да предложиме и да видиме која ќе биде формата, која нема да биде само еден чекор замаглен кон една цел, туку еден конкретен чекор кој на Македонија навистина ќе и овозможи еден пристаплив пат, посигурен исчекор и за имплементација на Охридскиот договор. Исто така, и за постигнувањето на стандардите во рамките на Европската унија. Значи, има многу дилеми кои се отвораат од истите причини кои ги имавме и ние од несигурноста од која кога ќе се прочита законот кој е и денес испратен и утре ќе биде, па обичен граѓанин, ние нема да бидеме доживотни пратеници ќе бидеме утре граѓани и дека и овој закон утре на тој граѓанин, на таа личност која денес е во опозиција, но и позиција ќе му обезбеди една одржлива заштита, ќе му обезбеди една гараниција за слободите и правата на човекот во согласност со меѓународните норми. Бидејќи, ова е таа наша загриженост и овие се пореметувањата кои можат да се случат и да создадат разни дисперзии во однос на демократските процеси, бидејќи правата на човекот неможе да се преговараат ниту од уставен аспект, а камо ли пак за аконски прашања.Затоа, Владата сеуште има простор и ние со оваа расправа која можете да ја наречете како што саката, со цел полесно да го донесеме овој закон, но имаме една можност сите да зрачиме и да видиме што можеме да направиме врз основа на вакви закони им се случуваа на граѓаните во минатото, да не ни се случи и во иднина. Значи, би сакал едно објаснување од госпоѓата министер кога ќе го види попатно да се произнесе за тоа дали го цени законот дефинитивно како добар и е убедена дека овој закон ги исполнува моралниот кондекс нејзин и на партијата, секако и на Владата. Доколку не е убедена во такво нешто, дали има простор и како цени да постапиме по ова прашање во функција на една цел, за да имаме да не се повторуваме, овој закон да ги постигне стандардите и целите кој е предложен пред нас.

Ние како политичка партија тогаш и сега, значи во позиција и во опозиција имаме неконзистентен став за овој закон со 32, еднаш имаше 33 или 31 член, мислам дека се говореше за правото на полицијата кое ги задира воените лица и мислам дека во последната верзија не е во овој закон, а мислам дека е добро, значи зошто ние бевме начелно против овој закон. Во отсуство на просторот кој не ни се даде на почетокот во тоа што го кажа министерот да ги кажеме овие концептуални прашања, ни се кажа дека ова ќе можеме да го кажеме на крај кога ќе се отвори претрес и за самиот закон. Јас ќе се потрудам да го сублимирам или на еден начин да ги ориентирам клучните аспекти кои беа причина тогаш и сега овој закон да биде неприфатлив за нас концептуално и како таков нормално, бидејќи концептот е во членови и се норматизира со

членови, секако и како закон е исто така неприфатлив за нас.

Прво е дека поаѓајќи од тежината и значењето на законот, а тој е ставен како во Оридскиот рамковен договор, исто така и во спогодбата за стабилизација и асоцијација, мислам дека е дел од Охридскиот договор поради една причина. Оваа причина, по се излгеда, се претендира и со закон да остане, прашањата на полицијата и прашањата кои го гарантираат овој сектор, секако би требало да останат во рацете на македонците, вршејќи такви избори да ги отстранат на партиципацијата немнозинските заедници, а посебно на албанците. Овој дух  кој го има законот и кој со своите норми, како на распределбата на внатрешните структури со бројот  на сектори и нивната распределба, каде што се, отстранувајќи главно, градовите или центрите каде што повечќе живеат албанци како по бројот на полициските станици кои ги има повеќе во општини, каде се македонци, како таков создава претходни услови, ова што треба сите да го знаат и за вработувањто на повеќе полицајци, во тој дел а помалку во овој дел од подрачјето. Тоа што го кажав дека и стандардите за неколку функции кои што се подобри со амандманите од страна на Владата беа поместени и овој впечаток неможе целосно да се отстрани, бидејќи се направија неколку подобрувања по се изгледа компромисни, но мора да се подобри и овој сегмент за одредени работни места не велам за сите, бидејќи секако стандардите треба да се сочуваат на тоа ниво кое ќе гарантира не само еден сегмент, не само аспектот на вклучување и партиципирањето, кое треба да биде поради меѓуетнички причини за взаемна доверба, туку и компетентноста и професионалноста со клучна стремеж и есенцијална деполитизација на оваа толку значајна структура. Знаејќи го тоа дека албанците имаат помалку такви структури, знаејќи го фактот дека албанците се во општини како што биле со векови, структурирањето на полицијата како со сектори, како со полициски станици, фактички се добива впечаток што ќе ви биде многу тешко да не убедите дека не е така, бидејќи тенденцијата е да се отстранат од клучните одговорности и албанците во овие структури како едно настојување, вековно настојување не можам така да кажам, затоа што Македонија или македонскиот народ по Втората светска војна е одговорен за поранешните процеси и тие страдале како што ние сме страдале, но едно декадно настојување кое требаше и беше е добра можност ова парламентарно мнозинство и овој Парламент без оглед на позицијата и опозицијата да се ослободат од овој дух кој произведе недоразбирања со актите кои се остваруваат врз основа на закон.

Второ и клучно што исто така мислам дека е една од клучните причини што ние не го прифативме овој Предлог закон и дека имаме јаки, силни аргументи дека ова и е врската на централниот орган со локалните органи. Значи, во Охридскиот договор, сите знаеме, посебно пратениците и челниците на политичките партии дека таму дојдовме до согласност или во отсуство на консензус или согласност за да имаме локална полиција, како една од можните форми на полицискaта организација во многу мултиетнички држави, бидејќи ова е пракса која се случува во многу земји, за нешто може да се сочува хиерархијата, има механизми како се прави тоа. Тоа беше прашање на расправа и дојдовме до компромис, полициските командири на овие градови кои мислиме да бидат со тие ингеренции кои сега ги има секторот. Бидејќи, не се предвидуваше оваа сегашна структура на организацијата,ќе може да има една добра врска меѓу централната одговорност, а таму мнозинство е само една заедница, со локалната самоуправа, посебно во општините со мешана структура, каде во мнозинство е таа што е малцинство на високо ниво, една поделба на одговорности меѓу тој кој го застапува евентуалното мнозинство, бидејќи мнозинство утре можат да бидат албанците, но секако орган каде што има мнозинство на една друга заедница и органот долу каде мнозинството на локалните е едно друго мнозинство и тука со дејствувањето на овие две структури беше кај командирот на полицијата, тој да се предложи од горни инстанци и да се избере од локалните инстанци, создавајќи механизам на содејствување и соодговорности за тие ингеренции кои излегуваат од Охридскиот рамковен договор и од потребата на Македонија, за да имаме взаемна доверба меѓу населението. И, што се случи сега? Ние тоа го прифативме како компромис, како секој политички договор. Сега, ја докажувам тезата на отстранувањето на одговорностите на албанците во оваа структура. Значи, тоа лице за да не остане со тие ингеренции кои ги има денес командирот на полицијата во Струга, Охрид, Кочани или Прилеп, им се зедоа клучните ингеренции кои беа во однос на тие кои ги има денес и тие што се експерти можат да знаат кои се тие надлежности и таа функција кој е хедофолист, значи гарадоначалник на полиција со меѓународни договори во Законот за локална самоуправа се вика началник на полилција. Тука е овој системски закон, ова не е системски закон, туку се вели системски закон во смисла на тоа, на тежината, но по гласањето не е системски закон. Вие тоа го знаете многу добро, ќе се изгласа со просто мнозинство. Фактички, укинувајќи ја оваа позиција на овие ингеренции и ставајќи го него како командир кој има одговорност само во однос на униформата, кога му се земаат сите други надлежности и се изместуваат или кај секторот кој не е во одговорност и шефот на секторот, не е на никаква одговорност во однос на локалната самоуправа сето ова. Мислам дека треба да биде јасно за сите тие кои можат да се прашаат што е оваа врева за оваа работа. Можеби не им е јасно. Отстранувањето на надлежностите на таа личност која беше предвидена да биде клучната врска меѓу централните органи и локалниот орган кои се разликуваат по етничката структура и по

тежината во одредени моменти, требаше да биде тој кој ќе ја сноси одговорноста. Согледувајќи дека албанците по се изгледа, аргументите се тие дека со ова може да сносат поголеми одговорност за секторот за безбедност, не одговарајќи да не бидат само кондуктери или тие кои ги применуваат наредбите во униформа, но земајќи ги ингеренциите во разни сегменти, тие го редуцираат во командир. Ова е ударот и останува најмоќниот, најаќиот удар што му се прави на концептот на Охридскиот договор по ова прашање. Затоа, за да не ни се случи ова, овој удар, овој сегмент беше предвидено или би требало да биде, земајќи ги предвид нејасностиите кои произлегуваат од Уставот, дел на Охридскиот договор со двојно мнозинство да не се дозволи ова деградирање. Затоа што, како што реков сега тоа што се стекна во Охрид и со двојното доаѓање на господинот Солана и што не беше ниту партиски, немавме партиски пристап, сега ние овде со една лесна калкулација политичка и со еден математички број и со едно измислување на структури на Комитетот за односи меѓу заедниците, опфаќајќи го и тоа што се случи, не сакам да го спомнам во врска со госпоѓата, се направи тоа што фактички ја измести состојбата и го изгуби тој сегмент кој беше стекнат со толку голем труд од сите политички албански субјекти, не од едно лице или од една партија.

И, овде е, почитувани дами и господа, суштината на деградирањето на Охридскиот договор. Освен тоа што го кажав со отстранувањето на внатрешната структура и со деградирањето на опозицијата која во Охридскиот договор вика хедофолист, значи началник на полиција, во Законот за локална самоуправа исто така има друго име. Со кое право, почитувани дами и господа, денес тоа се вика командир. Тоа значи во спротивност и со едното и со другото. Целта е и пораката следна, да не им се дозволи на албанците тие да имаат големи одговорности на овие работни места. Секако дека концептуално не може да биде во согласност со една влада или една партија која го доби мандатот да го оствари во целост Охридскиот договор. Ние не велиме дека е направено идеалното било за овој закон или за тоа што е практицирано, но секако има неколку сегменти кои се многу чувствителни и мислам дека не треба да дозволиме без да се дефинираат ингеренциите и тоа што го застапува началникот на полицијата кои биле 34, мислам дека со настојувањето не можете да ги отстраните убеденоста, аргументот и впечатокот кои се создаваат дека и законот се опишува со еден дух за да ги отстраната одговорностите на албанците во примената на овој закон.

Ве молам, расправа можеме да имаме, но овие беа аргументите кои ние ги имавме и кога бевме во Влада. И затоа што не се донесе овој закон, а можевме и да го донесеме овој закон, овие се аргументите за кои имаме и морално и политичко право да ги кажеме денес, па граѓаните нека судат, нека размислуваат, како, кој и во која насока ќе оди во однос на ова прашање. Од друга страна, има и друг сегмент кој исто така го прави неприфалтив и од концептуален аспект овој закон, а тоа несогласноста со законот со многу членови од други закони кои се во однос на комбинирани ингеренции. Тука е Законот за кривична постапка, го имаме Законот за Онбуцман, Законот за обвинителството и таму многу сегменти, многу членови од овие закони, иако некаде се настојувало да се усогласат, но останува законот за класифицирани информации, каде се вели дека му се дава едно право на обвинителот, или на јавниот или истражниот судија, а со овој закон се вели на тие класифицирани закони не им се дава ова право.Ова непосредно се коси со тие закони. Зошто се случи ова и зошто ни се случува вакво нешто. Причините се знаат или можеби не се знаат, можат да бидат јасни или нејасни, но мислам дека е уште една причина за која сакавме да говориме на почетокот со одржливи аргументи. Верувам, а и можеме да кажеме на парламентарното мнозинство и на госпоѓата министер дека има причини зошто да се преиспита овој момент, бидејќи не се работи за теснополитички партиски интереси, туку не е во согласност со сегменти од закони, кои исто така се од големо значење. На еден закон му се зема едно право, а со друг закон му се дава тоа право. Да не говорам, почитувани дами и господа, за стремежот и декларацијата на министерот за правда кој вели дека ќе го промениме и Законот за обвинителство. Па, добро да го измениме, нема никаков проблем, опфаќајќи ја и можноста за надворешен обвинител, зошто не, но тој се стреми да воведе елементи и ингеренции кои му припаѓаат на истражниот судија или на една друга инстанца која е предвидена за еден поефективен суд или поефективен пристап во однос на правдата. Доколку ова не е во согласност ниту со постојниот закон, ве молам, која ќе биде логиката или резонот на тоа кога вие сте најавиле измена на еден таков закон во сосема поинаква насока и порадикален од тоа што се денес законите.

Сега ќе донесеме еден закон и утре кога ќе одите кај обвинителот или Омбуцманот, како еден од сегментите кој ги гарантира правата на човекот и правичната и соодветна застапеност, тој ќе рече, со својот закон, да имаш право, додека со мојот закон не му го дава тоа право и полицијата нема да му даде информација.Значи постои една недослендост меѓу законите кои се донесени и меѓу духот на законите и тие кои оваа Влада или членовите на оваа Влада сами ги имаат декларирано како такви и како такви не се во согласност со овој закон. Затоа овој дел од моето излагање јас го правам со една единствена цел. И вие сами гледате, отстранувајќи го пристапот кој дал една партиска боја, или теснопартиска боја на овој закон. Едноставно, доколку добро се објасни, нема потреба, почитувани пратеници за едно такво нешто, нема потреба на оваа работа да и дадеме партиска боја, бидејќи токму се јасни

аспектите, како што реков нема потреба од никој од нас да и даде партиска боја. Не случајно се бара широк политичко консензус. Не дека тоа го вели САД или Европа, бидејќи тоа е и можно. На крајот на краиштата нашите стремежи и цели се во тој правец. Значи секој политички субјект и секоја политичка структура ќе го види својот интерес во конструкцијата и изградбата на овој закон кој навистина ќе биде од интерес на граѓаните, а воопшто нема потреба, верувајте ми, да имаме партиски пристап. Затоа, мислам дека има време, има и можност, надевајќи се да не остане глува и Владата и парламентарното мнозинство во однос на нашите аргуменити, без оглед кој ги искажува. Мислам дека ние треба да иаме еден позитивен пристап во однос на законот и да предложиме овде и да предложиме закон кој навистина ќе ги опфати сите овие елементи кои ги искажав, бидејќи можно е да имаме еден таков закон, бидејќи како што реков е општ интерес за да го оствариме овој предлог закон, бидејќи на законот и понатаму ќе му треба една моќна поддршка.

Третиот аспект кој исто така е од големо значење тоа се стандардите и критериумите кои се во функција на остварување и заштита на правата на човекот.

Вие ја следите расправата, гледате што кажуваат експертите. Јас не сум експерт. Можеби некој треба да го отвори тоа прашање, значи правата и слободите на човекот, заштитните механизми, транспарентноста во постапките итн. Мислам дека пратениците со повеќе искуство, и тие кои се поблиску до професионалната проблематика или што го третирале законот од овој аспект, сигурно ќе додадат некои работи, бидејќи јас некои работи не можам да ги кажам во една дебата, како што ја водам сега. Меѓутоа, мислам дека тука, на крајот на краиштата, основниот претрес кој се остави бидејќи ние поднесовме амандмани од оваа природа, бидејќи мислиме дека концептуално не може да се подобри законот. Само доколку се поднесат околу 2000 амандманин, тогаш би се пдобрил законот. Меѓутоа и со амандманите кои беа поднесени и амандманите кои беа предложени и од госпоѓа Весна Јаневска, имаше елементи на подобрување на овој сегмент. Меѓутоа, за жал, како што кажав госпоѓата предлагач одлучи да ги повлече и со тие елементи кои и така беа предложени од мотивација за подобрување на законот во овој сегмент. На законот му беше оневозможена таа можност и денес и тие елементи остануваат како недостаток и се објект на дискусија и објект на она што всушност мислам дека е расправа и меѓу структурите на експертите и другите структури. Затоа јас уште еднаш барам, освен тие аспекти што ги побарав од госпоѓата министер, да се изјасни за нив, барам, имајќи ги предвид последните изјави и на госпоѓата министер, меѓутоа и на други експерти кои секако говорат од име на Министерството за внатрешни работи, каде се вели дека тоа е еден прв чекор за овој закон. Знаеме дека не е идеален, знаеме дека може да биде и подобра, знаеме дека не уредил многу работи, меѓутоа, ние ќе видиме што може да се поправи, што се подразбира под тоа, како ќе пристапиме кон ова, дали има можност расправата да ја прекинеме и да се создаде простор за подобрување на ова прашање, или во текот на годината, госпоѓата министер и Владата ќе изнајдат форма и начин на нудење на еден таков закон. Освен тоа, мислам дека за да има потполн кредибилитет овој закон и да функционира, секако дека ќе има потреба од една посилна поддршка.

Уште еднаш ќе го нагласам тоа што веќе го знаат сите и што се нагласува секој ден дека на законот му е потребен и политички и етнички консензус и немојте веќе да дозволите оваа цел и правец да ги деградира или да ги дезавоира и понатаму затоа што тоа не е добро ниту за законот, не е добро ниту за граѓаните кои секако и тие се граѓани како нас и врз нив ќе падне интервентирањето на законот од било која позиција да сме.

Јас, почитувани пратеници, мислам дека направив еден преглед, верувам, малку по длабок, иако можеби не е идеален, меѓутоа моите мислења што ги имав во однос на предложениот закон, ги кажав, дадов силни аргументи за причините на нашето концептуално неприфаќање на законот и нашиот пристап што го имавме и тука во Парламентот, меѓутоа и нашето однесување во Парламентот, инсистирајќи да создадеме под секој услов сенс или чувствителност кај парламентарното мнозинство, овие прашања да ги елаборира и да ги гледа со една доза на објективност, да ги земе како добронамерни. Бидејќи тоа не ни беше дадено во првата фаза, тоа што се направи со амандманите беше недоволно за да се реализира една таква работа и верувам дека не само ова што го кажав јас, туку доколку не се доволни, како што реков, госпоѓата министер во име на предлагачота, за да се изрази така како што ние бараме, значи да се остави законот во оваа форма и да се создаде простор за изнаоѓање на подобри можности и подобри предлози. Тогаш и другите пратеници, од позицијата или од опозицијата, со своите аргументи кои треба да бидат добро обазложени, можеби ќе бидат дополнителни аргументи.

Доколку ве убедија овие аргументи досега, да се направи еден таков чекор. Јас се надевам дека сите пратеници ќе се вклучат во оваа расправа и аргументирано ќе овожможат и тие самите, меѓутоа и Владата како предлагач, да се изрази позитивно и навистина да ни понуди закон кој ќе биде во согласност со се она што го кажав порано и со тежнеењата кои ги имаме ние како држава. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика за господинот Матоши.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседателе.

Јас внимателно го сослушав колегата Азис Положани кој излагаше во однос на дефектите или говореше во целина за законот. Јас би сакал да бидам краток и да бидам скромен.

Овде ги имам стенографските белешки од 111-та седница на Парламентот на Република Македонија каде се расправаше за Нацрт законот. Во овие стенографски белешки односно тогаш од вашата парламентарна група зборуваше само Абдулаќим Адеми, зборуваше професорот на Штуловиот универзитет Аднан Јашари и вашиот претседател на Парламентарната група, во тоа време. Вие ја немавте оваа загриженост во тоа време и во тоа време не беше смакот на светот, во тоа време не го спомнавте Охридскиот договор, во тоа време бевте доста конструктивни и ги искажавте сите забелешки кои се имплементирани во законот.

Второ, јас сакам да кажам уште нешто пред јавноста, да кажам дека вие бевте во Владата на Владо Бучковски, Владата на Хари Костов и Владата на Бранко Црвенковски, бевте партиципиенти во тие влади. Јас не знам како сте ги носеле одлуките, не знам каде ви беше заменикот министер, дали беше во групата на стручњаци, за да го изготви законот, или Џанго го направил сам тој закон. Вие сте биле партиципиенти на Владата и сте требале да имате свои стручњаци, заменикот да биде во екипата за да го изготви законот, а не вашиот заменик министер да му ја отвора само врата на Хари Костов и да му ја затвора, и на Џанго. Значи ова е една реалност која треба да ја прифатите. Колку сте биле ифериорни или колку ве игнорирале во Владата, јас не знам, но вие би требало да имате ваши луѓе кога е изготвен законот, а не сега да ми кажувате разни работи. Јас жалам што сте се синхронизирале со СДСМ која се раководи од Бранко Црвенковски, фракцијата на Бранко Црвенковски. Значи вие сте со нив. Еден свири на тапан, друг на сурла и сакате да направите политички хаос. Владата е стабилна и ние нема да ви го дозволите тоа. Ние ќе ве изнесеме на правилен пат. Народот треба да го знае тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика за господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Навистина некогаш е залудно да се пристапи кон некое прашање на конструктивен начин и да сес наметне логика на размислување која би била правилна и во прилог на граѓаните.Начинот како господинот Матоши го деградира сето тоа што јас го кажав досега, мислам дека еклатантно и јас немам коментар на тоа, само ќе кажам, од причина што ние нашите забелешки и во Парламентот и во Владата и во разговорите со експертските групи за што јас не знам дали имаше или немаше стенограми, биле овие забелешки. Овој закон тогаш не дојде во Парламентот, во втора фаза и затоа велам дека имаме морално и политичко право да ги кажеме сите зборови што ги кажувавме тогаш. Јас ни случајно кажав повторно, доколку ние го поддржевме овој закон, ќе поминеше во Парламентот и со и без Бадинтер. Секој друг збор и секое друго алудирање или инсинуација е надвор од мојата желба за коментирање.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално за збор се јавува пратеникот Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Сакам да скренам внимание на претходниот, на господинот Матоши, во иднина и вие како претседател сметам дека не треба да му дозволувате и треба да го прекинувате кога ќе го спомнува претседателот на државата, господинот Бранко Црвенковски и за негови фракции. Претседателот Црвенковски е претседател на сите граѓани во Република Македонија и во иднина такви дискусии не треба да дозволите да се кажуваат јавно од говорница во Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Јас колку што седев, а следев внимателно, немаше навредливи зборови. Беше спомнат претседателот Црвенковски во една низа на премиери. Ниту за едно име немаше навреда.

**Влатко Серафимовски:** Беше спомнат зборот фракции.

**Љубиша Георгиевски:** Сега, фракции, фракции сме имале сите и ќе имаме допрва.

За збор се јави господин Фадил Сулејмани.

**Фадил Сулејманин:** Почитувани дами и господа пратеници, господин претседател на Собранието.

Вистинските закони и неправдата, значи праведните и неправедните закони почнуваат од високите нивоа, од глобалните нивоа. Потоа се симнуваат надолу кон локалните нивоа. Тоа го подразбира и овој закон во целост, човекот, поединецот и институцијата. Колку повеќе знае, колку повеќе има надлежности, толку повеќе има и одговорност. Затоа и овој законодавен дом да ги гласа и да ги прифати тие закони кои се во интерес на сите граѓани, од една страна додека од друга страна, бидејќи Македонија е мулти етничка држава, држава не само на Македонците, бидејќи не живеат само тие тука, туку живеат и други народи, живеат Албанците, Турците итн. Тогаш и од овој аспект треба да се гледа законот, толку колку што е можно и до мерка која не би оштетила ниту една страна. Значи да се прифатат забелешките и да се внесат во овој закон. Јас говорам како човек кој оваа тема не ја има во својот фах. Сепак би сакал да го дадам својот придонес, од тоа што го гледав деновиве тука. Ние треба да бидеме попрагматични, по практични и да знаеме што бараме, всушност што ние пратениците албанци сакаме. Законите треба да бидат хумани, до толку повеќе и законот за полиција треба да биде квалитетен. Како таков тој ќе биде по прифатлив за граѓаните. Тој закон ќе се почитува од страна на граѓаните. На тој начин тие ќе имаат поголема доверба кон нашата држава. Доколку законот е дискриминирачки, доколку законот не се почитува од граѓаните, граѓаните нема да ја почитуваат државата и така

и државата нема да биде успешна, ќе се создаде празнина меѓу органите кои го организираат и го поддржуваат јавниот ред и мир, дисциплината во едно определено место и во самиот орган.

Во минатото ние сме имале дискриминирачки закони. Меѓутоа, тоа не мора да значи дека ние треба да продолжиме со тие закони. Затоа и се расправа за овој закон, значи тој има недостатоци и сега треба да се реформира. Тоа го бараат и условите и стандардите кои ни се поставуваат на нас како држава за да бидеме примени таму каде што тежнееме, во Евроатланските структури и во Европската Унија.

Македонија е мала држава, има 2.000.000 жители, како и градот Виена. Во минатото во оваа земја имало многу народи, имало многу странски владеења и сите што доаѓале тука, доаѓале за свои интереси, а за наши.

И за да владеат над нас и за да не искористат што повеќе, тие всадувале раздор кај нас и предрасуди и омраза едни кон другите и да се сомневаме еден кон друг и да се плашиме еден од друг. Сето ова не било во наш интерес, туку во интерес на странскиот владеач. Затоа денеска време е кога се говори за демократија, кога се говори за хуманизам, за праведност, рамноправност, еднаквост ние тука треба да бидеме поконструктивни и да ја измениме таа метода, таа традиција затоа што била лоша, штетна за нас. Значи, сега говорам за сите граѓани на Република Македонија и да го избегнеме тој начин кој што начин за нас го конструирале другите. Значи, тие го конструирале, а не излегува дека е така, всушност и во јазична и во културна и душевна конструкција, значи да го сакаме нашето, меѓутоа да го спориме и да се спротивставуваме на туѓото. И кога ќе видите во реалноста тука нема ништо лошо, само затоа што начинот на конструирање, на градење, на програмирање што ни го направиле другите тука. Време е ние да бидеме со студени глави да разговараме и да видиме што можеме да направиме и за овој закон и за другите закони. Не треба да се плашиме од албанците, ова го кажав еднаш. Напротив, доколу се одлучи да се донесе еден хуман, праведен закон, прифатлив и за албанците во целост прифатлив за сите граѓани на Република Македонија и за македонците, затоа што можеби и за нив тука има забелешки и има, тогаш ние можеме да ја зајакнеме нашата држава, можеме да ја водиме напред оваа држава, да создадеме подобри услови за живот. На тој начин ќе добиеме сите. Затоа што не можат ниту албанците да ги истераат македонците од тука, ниту пак македонците да ги истераат албанците. Според Емануел Кастел социолог од Латинска Америка кој што говори за идентитетот, за легитимноста на државата на разните граѓани, тој вели дека народот го прави територијата и времето колку што е можно подолго време да живее на таа територија. Ако ги земеме албанците и македонците, ние албанците сме живееле повеќе во заедница со македонците отколку што сме живееле во заедница со албанците во Албанија и во Косово. Не мислам во насока на националните идентитети, туку како целост. Значи, ние сме биле поблиску со вас отколку со самиот народ со еден јазик, една нација, пред се и историја. Исто така и македонците повеќе живееле во ова место со албанците, отколку со другите славјански народи: Срби, Бугари и други. И крајно време е да бидеме толерантни и да ги прифатиме забелешките. И овие треба да бидат позитивни и ќе бидат за наше добро уште повеќе за доброто на нашите следни генерации, на нашите следбеници. Затоа што не е во ред веќе ние уште да ја едуцираме и труеме нашата младина со овие предрасуди кои што ни останале, да не кажам од монистичко минато, туку уште од порано. И тие утре сигурно ќе бидат многу подемократски од нас кои што се обидуваме да бидеме денес и нема да ни судат за овие грешки што ги правиме денес. Затоа што на овој начин ние стануваме и пречка на развојот на демократските процеси во Македонија, од една вековна дискриминација, на една сеграѓанска иницијатива се основа Тетовскиот универзитет. Државата ова на почетокот не го дочека, говорам значи за тие луѓе кои што беа на врвот на државата и рекоа дека тој универзитет е антизаконски. Меѓутоа, со време увидоа дека погрешиле. Потоа, вие во Парламентот го изменивте законот, или пак донесовте закон и го официјализиравте тој универзитет. Вие направивте хумана и демократска работа во интерес на сите граѓани на Република Македонија. Јас за ова лично како основач на таа институција сум ви благодарен. Денес таму се над 1000 студенти македонци, има многу административни службеници и тие таму обезбедуваат егзистенција. И со ова како што беше тогаш политичката пропаганда дека таа институција ќе ја дестабилизира Македонија, ќе предизвика ова, или она, ќе го предизвика овој, или оној проблем, напротив, произлезе дека образованието, науката тоа се свети работи, тие се за доброто на сите и не треба да се чепкаат. Овој универзитет ја стабилизира Македонија и создаде доверба на граѓаните албанци кон оваа држава. Ова беше добра работа. Значи, зборот ми е да не дозволиме да ни судат нашите следбеници, идните генерации за овие грешки што ги правиме ние денес. Јас сум свесен дека нема совршен закон ниту тој што ги предвидува значи интересите на сите граѓани, така е во целост во светот. Меѓутоа, мислам за овој закон кој што овој аспект на граѓаните, значи што бараме ние. На пример, ние бараме конкретно, иако јас не се зафаќам со амандманите, значи бараме на тие места каде што има албанци, или каде што има повеќе од 20% и ова се оправдува и со Охридскиот договор, полицаецот покрај македонскиот јазик треба да го познава и албанскиот јазик. Ова треба да биде услов. Еве, Косово го прифати турскиот јазик со 5%. Значи во тоа нема ништо лошо. Зошто? Ние албанците сме тука фаворизинаи, затоа што ние го знаеме и македонскиот јазик. Македонците се на некој

начин спречени. Значи, колку повеќе јазици знаеш, толку повеќе вредиш. И ние сега можеме да се информираме повеќе преку средствата за јавно информирање и комуникација и литературата и други работи. Кога знаеме повеќе јазици, тогаш ќе знаеме да го почитуваме и јазикот на другиот, културата во целост. Конкретно, кога мислам за јазикот, за полицаецот, полицаецот треба да знае и еден странски јазик, англискиот. Ова е норма, меѓународен услов на меѓународните полицајци, а не тука. Јазикот е тој механизам кој што ќе го приближи полицаецот до граѓанинот, ќе ја приближи соработката, ќе создаде доверба, ќе го тргне сомнежот, стравот. Ќе ви дадам само еден пример. Кај македонците тоа постои. Значи, нашите мајки секогаш со името полицаец ги плашеле нивните деца: да бегаме доаѓа полицаецот, тој ќе те истепа, тој ќе те убие, ќе те притвори, итн. Така правеле странците, полицаецот бил држава и кога ќе земе оружје, тој е многу силен и станува јунак, не почитува ништо. И ова произлегува од една горка вистина и горка реалност. Дали треба и денес нашиот граѓанин да се плаши од полицаецот. Секако дека тука меѓу другото треба да се исполнат и стандардите, техничките стандарди на дејствувањето на полицијата, треба да се исполнат и финансиските стандарди. Тие се многу малку платени. Значи, тие луѓе вршат голема работа, вршат опасна работа и се опфатени во многу пори и дејствување во општествениот живот. Значи, полицајците ги имаме секаде и тие треба да бидат добро платени. И ова, значи јазикот ќе има големо влијание нашите граѓани веќе да не се сомневаат во полицаецот, да не се резервирани кон државата, дека полицаецот се идентификува со државата и кога тој ќе говори на јазикот на граѓаните кои што ги има тука и ќе биде поуспешен, бидејќи доколку не го познава јазикот, нема да биде ни успешен, граѓаните ќе го бојкотираат и во случај на криминал, на корупција, на кражби, на убиства, итн, граѓаните нема да му помагаат на полицаецот. На пример, некој ќе украде нешто, ќе направи лошо работа и сега почнува тоа што ни е конструирано од странците дека ние, вие, тие, или вие сте поинакви од нас, вие имате развилен јазик од нас. Ние заборавеме дека сме граѓани на оваа земја каде што биле и нашите дедовци и прадедовци. Тука треба да создадеме клима, атмосфера на мир и доверба, меѓуетнички мир и доверба доколку сакаме навистина да имаме една среќна перспектива, богата перспектива за сите граѓани на Република Македонија кога гледаме како светот треба да не уреди, а ние не сме свесни да седнеме и да се договориме што вреди, а што не вреди. Значи, полицаецот нема да биде успешен.

Албанскиот јазик задолжително треба да фигурира и на натписите на полициските униформи, треба да биде и на возилото на полицијата. Значи, треба да се излезе со конкретни барања. Овие работи би било добро да бидат опфатени во тие членови, или амандмани за законот за полиција. Потоа, и по градовите каде што има албанци, значи натписите треба да бидат и на албански јазик. Друго, таму каде што има повеќе албанци, или пак има еднаков број и приемот на полицајците треба да одговара на бројот на населението во општината, значи да има повеќе полицајци од тој етникум во тоа место, конкретно албанци. Исто така, што се однесува на командирите, на именувањата, на разрешувањата, колку повеќе се симнуваме од централниот систем на тој локален, значи да има колку што е можно повеќе влијание општината, местото. Значи и ова е во согласност со Охридскиот договор и со стандардите кои што ни ги поставуваат странците. Вака ќе не прими и меѓународниот фактор. Ќе бидеме успешни.

Сега јас не би сакал да должам многу со мојот говор, ова се дирекни барања кои што ги имаат албанците, значи јазикот да биде присутен кај полицајците во местата каде што се повеќе албанци, значи да има повеќе полицајци албанци во местата каде што е повеќе албанско население и колку што е можно повеќе да се децентрализира нашиот систем и да го направиме поблизок до граѓаните. Затоа, ќе беше добро луѓето кои што го изготвиле овој закон да викнат на помош и други експерти, да седнат и да видат што може да се направи за да можат да се примаат и албанците и турците. И веќе да не тераме со инает и со еден голем товар од минатото, товар кој што ни го натовариле странците и ние сега не сме во состојба да се ослободиме и слободно да дишеме и да продолжиме со животот сите да придонесуваме на свој начин и така оваа држава ќе ја водиме напред. Со ова ќе го подобриме и животот на нашите граѓани.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика господинот Догани, три минути.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине претседателе.

Жалам и се чудам што хипокризијата на пратениците од Демократската унија за интеграција е толку дојдена до израз и е толку висока што тие за тесно партиски интереси, за интереси на блокирање на процесите нас албанците не направија како непоправлив народ овде во Македонија, спомнувајќи го неколку пати тоа. Ние намерно се потрудивме да молчиме, да се воздржиме, да не ги коментираме нивните приказни со денови и часови. Но, ќе се надоврзам на тоа што го кажа и господинот Азис Положани, односно се потруди да го деградира зборот на пратеникот Матоши, велејќи дека нивото е спуштено долу. Но, јас ќе им кажам дека пониско ниво, односно да кажуваш приказни со часови, да зборуваш дека си албанец, велејќи над сто пати: ние албанците, ние албанците. Да им кажам на пратениците на ДУИ дека овде има пратеници исто така албанци, а тоа се пратениците на ДПА. И јас се прашувам дали ние

можеби треба да побараме дозвола, или да ги прашаме пратениците од ДУИ дали сме ние пратеници албанци, или не сме, бидејќи тие се еден, или двајца повеќе, или тројца повеќе од нас. А ние знаеме како дошле до таа бројка. Тие нека не говорат само за албанците, нека говорат малку и за своите структури во источна Македонија нека сносат одговорност за нивните кандидати во тие места. Можеби нив нема да им се допадне овој закон, или нема да им одговара албанскиот јазик, или ќе имаат некое барање за француски јазик, или слично. Значи, во насока на конструктивноста на расправата уште еднаш би им нагласил на пратениците на ДУИ дека овде има и други пратеници албанци. И за да им го олеснам муабетот и говорот, што помалку да го користат тоа, бидејќи тие не се официјални претставници на албанците.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Фадиљ Сулејмани, една минута.

**Фадиљ Сулејмани:** Сакав да се дообјаснам поради недоразбирањето на господинот Бесим Догани. Јас тука сум пратеник на албанците. Јас воопшто не спомнав и не сакам да ја спомнам партијата. Кога реков: ние пратениците албанци, мислам дека не грешам, да кажам повторно дека тука ги примам и пратениците од Демократската партија на албанците. Јас и нив ги имам сместено тука, сите. Затоа што верувам дека и тие сакаат албанскиот јазик да биде во општината. Исто така албанскиот јазик треба да биде и во натписите на униформата итн. Значи јас тука не ја штитам партијата, не ги штитам интересите на партијата. Сите го знаат Фадиљ Сулејмани, јас го штитам интересот на мојот народ и не спомнувам партија и никогаш нема да спомнам.Јас сум тука како албанец и ги штитам интересите на мојот народ. Верувам дека и пратениците на ДПА го делат ова мислење и на ДУИ и сите други кои што даваат придонес во развојот на албанците.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Ѓорчев барате реплика на господинот Сулејмани.

Господин Ѓорчев, реплика на господин Сулејмани, три минути.

**Владимир Ѓорчев:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван господине Сулејмани.

Јас внимателно ја следев вашата дискусија и особено ме заинтересира првиот дел. Првиот дел во кој што зборувате за запознавањето на Македонците и Албанците, на Албанците и Македонците и процес за кој ќе го имаме целиот 21 век. Ние во 20-иот век како заедници, како луѓе, како групи се запознававме, имавме добри моменти, имавме моменти на взаемни анимозитети, имавме мостови кои повремено се рушеја, повремено ги градевме, но видовме и заклучивме дека сме упатени едни на други и дека не можеме едни без други. Живееме тука и треба да го направиме нашиот живот подобар.

Генерално историјата и на вашиот народ и на нашиот народ во многу сегменти е слична така што и ние сме имале ситуации каде нашите мајки нашите деца ги плашеле со полицајци, каде им велеле дека полицијата е нешто која треба да ја чувствуваат како нешто кон кое треба да имаат дистанца.

Мислам дека овој закон кој сега заеднички го градиме, кој ќе го гласаме, кој понатаму ќе треба да го почитуваме е еден од чекорите кои македонското општество, ова општество и овој простор ќе се движи кон нешто што се нарекува либерална демократија и цивилно општество. Ова не е последниот чекор, туку еден од многуте чекори, едно од многуте камчиња кои ќе придонесат да го имаме кантарот на општество во кое ќе имаме детант, повторувам, детант, взаемно запознавање и каде ќе балансираме со овој закон вклучувајќи го и јазикот во полицијата, потребата од функционална полиција каде ќе имаме јасен ланец на команди, ќе ги балансираме ресурсите кои ги има ова наше општество односно финансиите кои ги имаме односно немаме како држава и унитарниот карактер согласно Охридскиот договор кој заеднички го почитуваме.

Би сакал да кажам исто така дека во 21-от век за голем број на работни места, гледаме дека веќе го прави и приватниот сектор, тоа е дека ќе бидат барани и македонскиот и албанскиот и англискиот јазик. Во моментот и самиот го кажавте примерот со Штуловиот универзитет, имаме ситуација каде Македонците и Албанците, Албанците и Македонците се запознаваат.

Треба да ги оправдаме таквите процеси и тој процес допрва ќе се одвива во декадите што доаѓаат, да ја охрабриме интеграцијата, но исто така да ја охрабриме и функционалноста на нашите институции. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има контра реплика господине Сулејмани ? (Нема)

Благодарам.

Поради мои неодложни протоколарни обврски, давам пауза од 15 минути.

(Прекин на седницата од 13,06 до 13,21).

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Нека повели господинот Неждет Мустафа.

**Неждет Мустафа:** Почитуван претседателе, колеги пратеници, министерката ја нема, дозволете ми да ја користам можноста во овој дебатен Предлог закон кој веќе неколку дена го презеде нашето целокупно внимание и на граѓаните да ја изразам мојата грижа, а секако и гласот на Ромската заедница на која деновиве и мојата политичка партија дискутиравме во врска со овој Предлог закон.

Сметам дека тоновите и изјавите кои беа изнесени од оваа говорница и во ова Собрание, барем кај граѓаните, предизвика огромна грижа и интерес што воопшто носи овој Предлог закон за интересот на граѓаните. Сметам дека законот за полиција е закон кој треба да биде од општ

интерес на сите граѓани, но не закон за кој треба граѓаните да мислат дека се носи некој закон против нивната безбедност, интерес и слобода. Во тој контекст би сакал да придонесам во однос на овој чувствителен закон за кој имам огромен интерес да помине во рамките на општите определби и општиот интерес на граѓаните.

Доста е дискутабилно и голема грижа е настаните кои се случувале тука во Собранието особено сметам задирлив е моментот и голема дерелаксација донесе особено кај пратениците од заедниците, кај припадниците од другите заедници допирот со Бадентеровиот метод. Токму таму сметам дека било кој допир со тој метод да се изолира или да се негира неговата вредност, мислам дека овде ќе настанат огромни грижи во однос на сигурноста и во однос на гаранцијата на Уставот на Република Македонија и Рамковниот договор.

Токму од тие причини мислам дека како пратеници односно гласници на граѓаните не би смееле да си дозволиме допир со Бадентеровиот модел односно метод на кој Република Македонија има големо искуство во однос на раното минато и во тој однос Бадентеровиот модел односно метод мора да биде гаранција за сигурноста на заедниците во Република Македонија.

За огромна грижа е присуството во Комитетот од вкупниот број членови 19, а одлучија 10, со отсуство на 9 пратеници, тоа е грижа за ова Собрание и сметам дека не е радост да се донесат одлуки кога ќе се има огромно незадоволство од било која друга заедница односно мнозинство на други заедници.

Во тој контекст дозволете ми почитувани пратеници, претседателе, да говорам за вредноста на овој Предлог закон и мојата согласност дека треба да се донесе закон за полиција, но не по било која цена, туку пред се во општиот консензус на пратениците како гласници на граѓаните од Република Македонија.

Сакам да наведам неколку примери од овој Предлог закон, членот 8 и сега ќе говорам во однос на положбата на Ромската заедница и нивниот третман во однос на полицијата и Ромите кој на сите ни е познато дека во минатото, а и сегашноста најлесен однос на некоректен однос полицијата тоа го прави со Ромската заедница. Има официјални поплаки и до Народниот правобранител како и до невладините ромски организации дека полицијата некоректно се однесува со Ромската заедница на било кој простор, на било кое место од градовите и врз основа на тоа кај мене предизвикува огромна грижа дали овој закон и на Заедницата на ромите ќе понуди нешто да не се случува она што се случувало во минатото. Членот 8 е исто така доста дискутабилен, кога лицето кон кое се применети полициски овластувања согласно овој закон смета дека полицискиот службеник ги повредил неговите слободи и права има право на претставка до полицијата. Верувајте ми оној што ќе биде претепан од страна на полицијата односно Ромите кои беа претепани од страна на одредени полициски работници не да имаат храброст да направат претставка, дури се плашат да излезат на улица и да проговорат за насилството што им се прави од страна на полициските служби.

Сметам дека членот 8 нема прецизен став и во однос на тоа експертите кои го подготвувале овој Предлог закон треба да го обработат овој член, практично од тука почнува слободата на граѓаните, доколку со нив се случи некој нерпавилен настан, екцес да можат слободно да проговорат за неправилниот однос со нив.

Мислам дека мојата грижа треба да ја прифатите, да се дискутира, да се прецизира членот 8 во какви услови можат граѓаните да направат претставка во однос на неправилно однесување на полициските служби.

Понатаму, би сакал да ја изразам мојата грижа во врска со членот 20 каде се наведени секторите за внатрешни работи. Од морални причини навистина жалам што не успеав да подготвам еден амандман и од тие моменти се отвори грижа кај мене. Некако ја нема таа коректна ширина овој закон. Сите знаеме дека во Општината Шуто Оризари имаме локална самоуправа, во минатото подготвивме барање, елаборат за сектор за внатрешни работи, па се прашувам зошто бегаме од реалноста кога реално постои локалната самоуправа во Шуто Оризари. Зошто не би сакале таму да го осигураме и да биде што побезбеден животот на тие граѓани во таа локална самоуправа сега кога е вистински момент кога локалната самоуправа создаде просторни услови оти беше ветено од претходниот министер пред изборите дека ќе има сектор за внатрешнии работи, подготвен е елаборат, дури се размислувало и за кадровскиот состав на тој сектор. Гледам дека е испуштено.

Навистина, кога се работи за Ромската позиција во македонското општество многу отворено, многу коректно, како да ги заборавame Ромите и нивните права односно нивните потреби во нашето општество.

Од претходниот состав, а верувам и од вас ќе слушнам за лојалноста, за коректноста на Ромската заедница, но треба да бидеме коректни и отворени дека Ромската заедница не да се плаши од полициските служби, туку им е во крвта стравот кога на улица ќе поминува само еден полицаец тој може да чува дури 40 илјади граѓани Роми во една локална самоуправа, што значи дека на Ромите навистина треба да им се даде простор и ки ќе сватат дека полицијата е тука за да ги брани нивните интереси, за да им гарантира безбедност, да живеат заедно во стабилност во делот во кој живеат.

Од тие причини сметам дека тука треба да направиме едукација на одредени служби за посигурен опстанок на Ромската заедница во однос на односот помеѓу полицијата и Ромите.

Молам во членот 20 службите да се погрижат покрај наведените сектори во градот Скопје да влезе во составот на секторите и секторот за внатрешни работи во Општина Шуто Оризари.

Понатаму почитувани колеги, би сакал да го подигнам акцентот и во однос на повикување. Тоа е Глава 3 член 43 каде се наведува дека полицијата е овластена писмено со покана да повикува граѓани заради потребни известувања неопходни за извршување на полициските работи. Тука навистина сакам да го подигнам вашето внимание дека Ромите токму во овој поглед беа и сеуште се многу злоупотребени во однос на тие службени отповикувања. Се знае за било која ситуација да бидат отповикувани без официјална покана и да се злоупотреби нивното право кога можат да говорат, кога не можат да говорат и дека врз Ромите почесто се користени напаѓања.

Во однос на приведувањето, знам како пратеник од претходниот состав, а и сега да ми се јавуваат Роми кои бараат помош од мене без оправдана аргументација да ги задржат во полициската станица по 10 - 15 часа, па со интервенција дали се работи во Бутел станицата или во некој град како Штип, Велес и т.н., но знам да бидам повикан да реагирам телефонски до командирот и градоначалникот на таа полициска станица и да барам аргументи зошто е приведен и зошто е задржан веќе десетина часа кога не е уредено во писмена форма.

Познат ви е карактерот и менталитетот на живеењето на Ромите во Република Македонија и нивниот начин на егзистирање. Сакам да се задржам и повторно да го привлечам вашето внимание во однос на членот 61, сопирање, легитимирање, преглед или претрес на лица, превозни средства и багаж. Сите вие знаете дека Ромите шетаат по градовите за да продаваат ситни предмети, но често се злоупотребувани од полициските служби, често им се одзема робата која им значи утрешна егзистенција и токму во овој член сеуште отвора силни можности да им се случува она што им се случувало вчера со тоа да им се одземе и последната надеж во однос на нивната егзистенција за продажба на ситни предмети поради нивната социјална структура.

Почитувани колеги тоа што кај мене предизвикува голема грижа е членот 96, мислам дека овој закон треба да користи прецизни правни термини. Огромни проблеми во Република Македонија се расчистени со Рамковниот договор и со Уставот на Република Македонија, сметам дека термин со примерот "треба", треба да расчистиме во однос на членот 96 каде се вели дека при вработувања во полицијата треба да бидат соодветно и правично застапени граѓани кои припаѓаат на сите заедници. Тука терминот "треба" мислам дека е непрецизен, а во Рамковниот договор и Уставот на Република Македонија има прецизни термини како треба да стои и ова "треба" можеби не треба. Терминот не е прецизен на кој може да се формулира овој член 96. Вакви термини се иритирачки во однос на она што е веќе договорено и за што е определена Република Македонија кон својата сигурни и стабилна иднина.

Ова е дел од моите забелешки со кои сакав да придонесам по однос на овој закон, сметам дека на Република Македонија и е потребен еден закон, знаејќи во каква состојба се наоѓаат граѓаните на Република Македонија секој ден под какви не притисоци, полицијата дефинитивно треба да си ја преземе својата улога, да работи во интерес на граѓаните, како што кажа претходниот колега, да биде сервис на граѓаните, глас на граѓаните и на таа релација дефинитивно Предлог законот за полиција треба да биде глас на граѓаните, но не и страв кон граѓаните.

Ви благодарам на вашето големо трпение почитувани колеги, почитуван претседателе, ова беа неколку мои забелешки во однос на овој Предлог закон.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика за пратеникот Шабан Салиу од 3 минути.

**Шабан Салиу:** Јас би сакал да обрнам внимание на претходниот дискутант дека овој Бадентеров модел не го измисливме сега откако оваа Влада односно овој состав на парламентарното мнозинство дојде, туку тоа постои од многу одамна. Дали е радост или среќа да се одлучува со 10 присутни члена од 19, мислам дека треба да се видат законите дека и обичното мнозинство дава една правосилна одлука за решавање на одредени проблеми.

Принципот во Комитетот за односи меѓу заедниците во поглед на Бадентеровиот модел апсолутно е испочитуван. Меѓутоа, многу е позагрижувачки што претходниот дискутант кој беше пратеник во овој Парламент сега се јавува за поплаките на многу граѓани и кај него буди грижа од односот на полицијата, би сакал само да го потсетам дека најголемите прекршувања на човековите права кај Ромите, најголемата тортура врз ромското граѓанство се изврши токму во времето на поранешната негова Влада односно за време на неговиот мандат. За тие 4 години ги заборави потребите на ромското граѓанство и ништо во овој Парламент не е разговарано за едни такви силни прекршувања на човековите права од типот на Трајан Беќиров, каде делото е со смртни последици, посебно внимание посвети Советот на Европа што се случи токму со трагичната смрт на едно младо момче од 16 години, дали тоа беше жртва на прекумерна употреба на сила односно тортура од страна на полицијата. Случајот во Гостивар каде исто така воопшто не е спомнат во ова Собрание каде крвнички беа претепани тројца млади Роми, да не зборувам за случајот во Битола и милион такви случаи. Тогаш требаше да се преземат одредени мерки и да се отвори дебата дали како пратеничко прашање или за прекршување на човековите права.

Не би ги коментирал другите членови, но со оглед на тоа што овој Предлог закон се

утврдуваше односно се работеше за време на мандатот на дискутантот, тогаш требаше да се постави потребата за која ќе го поддржев денеска да има една полициска станица во Шуто Оризари со оглед дека е специфично подрачје, има многу сторители на кривични дела односно место кое не е безбедно за живеење.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика за господинот Неждет Мустафа од една минута.

**Неждет Мустафа:** Навистина жалам за нивото на дискусијата, но еве за негова лична инфорамција јас и во претходниот мандат говорев, сега сте веќе пратеник, па можете да се послужите со стенограмот, можете да го најдете во компјутер, за проблемите на Ромите во однос на полициското однесување и со пратенички прашања, говорев и гласно за сите оние примери што вие ги наведовте, но, сметам кога ќе се работи за одделни интереси на ромската заедница тука треба да се имаат ставови кои ќе бидат од општ интерес на Ромите како граѓани на Република Македонија и не би требало да го симнеме нивото на некој поразувачки однос.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓа Весна Јаневска имате збор.

**Весна Јаневска:** Почитуван претседателе, барам 15 минути пауза која претпоставувам ќе биде врзана со ручекот и предлагам со седницата да продолжиме после паузата за ручек. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** 15 минути пауза по барање на пратеничката група на ВМРО-Народна партија, но продолжуваме точно во 15,00 часот.

(Пауза од 13,43 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа.

За збор се јави госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Почитувани пратеници,

Има многу што да се зборува за овој закон и за она како течеше процедурата во Собранието за да дојдеме до овој стадиум каде можеме да дискутираме по текстот на законот.

Законот го предложи СДСМ во период кога тие беа владеачка партија, во коалиција со ЛДП и ДУИ.

Владата на ВМРО-ДПМНЕ го прифати овој закон, иако во првата фаза остро го критикуваше, наводно доблесно за да покажат континуитет во работата на државата и да покажат добра волја во соработка со опозиционите партии, како што е СДСМ и ДУИ, за да имаат поддршка за овој закон и од опозицијата.

Она што е нелогично тука е зошто пак пратениците на ВМРО-ДПМНЕ кои во првата фаза силно го критикуваа законот, не се потрудија да дадат некој амандман за да придонесат за квалитетот на овој закон.

Исто така многу зачудувачки е зошто пак и некои други пратеници, на пример пратениците на СДСМ или пратениците на ДУИ, што е многу добро што активно се вклучија во расправата и по амандманите и во општиот претрес, исто така не се потрудија да поднесат амандмани.

Она што госпоѓа Роза Топузова Каревска и јас го сработивме макотрпно и многу сериозно, јас лично со помош на стручни лица од партијата и не само од партијата, беше во одреден момент искористено за политички маркетинг на опозиционите партии и кога денес слушам некакви коментари на моето повлекување или неповлекување на амандмани, сметам дека е чиста демагогија и повторно желба за добивање на популистички поени. И како што еднаш веќе реков дека тие кои сметаат дека овој закон треба да добие на квалитет, требаше да бидат овде присутни во салата и сега се отсутни повеќето од нив, мислам на пратениците на СДСМ, на пратениците на ЛДП и некои пратеници од ДУИ. Значи ако сакаа навистина да придонесат за подобар квалитет на овој закон, требаше да бидт тука во салата и да гласаат за одреден број амандмани, па така сите заедно да сработиме нешто повеќе за овој закон.

И натаму сметам дека и во овој закон има пропусти, како што и претходните пратеници ВМРО-Народна партија, од минатиот мандат имаат кажано, во претходната фаза на законот. Значи оваа партија во континуитет работи и не го менува мислењето според дневно-политичките потреби. Стенографските белешки се тука и можете да го видите она што го зборувале Жарко Караџоски, Спиме Мавровски, но и сите други пратеници и во тој континуитет ние како партија, преку мене, дадовме триесетина амандмани.

Навистина сметам дека има значајни пропусти во однос на човековите права, почитување на истите, но и во техничкиот дел, па можеби би можеле да дискутираме и за организациониот дел на законот. Но, тоа требаше да се направи на многу поинаков, поконструктивен начин.

Бидејќи во оваа дискусија беше спомнат секторот Струга и дека неприфаќањето на секторот Струга значел национална дискриминација или етничка дискриминација, јас би можела да кажам дека неприфаќањето на секторот Прилеп и Кочани, исто така претставува некаква си национална дискриминација. Се прашувам дали некои пратеници се шегуваа кога дискутираа овде, или беа сериозни. Но, она што јас би сакала да го кажам во однос на Полицијата, не на законот е дека ние како држава треба да се залагаме Полицијата да ни биде гордост на државата, да не биде страшило, туку да биде заштитник на граѓаните и наместо да дискутираме за тоа од каква националност ќе бидат службениците, да дискутираме за нивната стручност и за нивната одговорност и сериозност во извршувањето на нивните работи. Токму во тој правец и ВМРО-Народна партија имаше еден амандман кој за жал не е усвоен, а се однесуваше на образованието на службениците во Полицијата. За жал Владата не најде разбирање и сеуште во нашата Полиција ќе работат, јас не сакам да

потсетам ниту еден факултет, но сметам дека е несоодветно, значи филозофи, археолози, географичари, историчари и тн. наместо да работат луѓето кои завршиле навистина соодветен факултет, а тоа е право, Полициска академија и се она што навистина се смета за стручно во тој сектор.

Бидејќи пратениците на ВМРО-ДПМНЕ во првата фаза на овој закон имаа слични забелешки, се надевам нема да ми замерат што сега ги спомнувам, се прашувам, зошто веќе ако не дадоа амандмани, ако тоа било политички договор со коалиционите партии, барем не поддржаа некои од амандманите. Со тоа можеби ќе и ја олеснеа работата на министерката, односно ќе ја симнеа целосната и тешка одговорност од нејзиниот грб, а ќе придонесеа за квалитетот на законот и ќе придонесеа за работата на Полицијата и за граѓаните на Република Македонија. Одтука произлегува и прашањето зоќто министерката при вакви бурни дискусии од страна на опозицијата, за да ја услиши и постигне политички довор со опозицијата, не прифати повеќе амандмани од оние кои беа предложени, а беа предложени од тројца пратеници, од мене од госпоѓа Топузова и од Валентина Божиновска. Сметам дека дел од предложените амандмани беа крајно квалитетни, така сите се изјаснија. Некои од нив пак ;и не ја допираа суштината, беа технички, како на пример наместо “се основа” за нешто што веќе функционира и наместо зборот “бивш” што воопшто не постои во македонскиот јазик, да се замени со зборот постар. Се разбира, се мисли на службениците во Полицијата.

Многу дискутиравме за улогата на Полицијата и воглавно нашите дискусии се сведоа на злоупотреба на функциите на полицајците.

Јас одговорно тврдам дека можеби овој закон кога би го донесувала некоја сападно-европска држава, ние и не би му наоѓале мана. Значи во некаква напредната демократија се подразбира што не смее, а што смее. Кај нас не се подразбира, па така што она што во некоја западно-европска напредната демократија се подразбира дека не смее да се злоупотреби, во Република Македонија, од наше искуство се подразбира дека може и смее да се злоупотреби. Во тој правец беше и амандманот за кој јас бев приморана да се откажам, во врска со аудиовидео мониторингот на јавни места.

Она што го побаравме за исклучување на партиските штабови и партиските функционери, не беше популизам. Тоа беше сериозна потреба да се заштити демократијата во Република Македонија затоа што во плуралистичките системи и политичките партии се оние кои придонесуваат за развој на вистинската демократија.

Верувам дека имаше оправдани причини зошто овој амандман не беше прифатен, бидејќи во Македонија е можно да се претпостави дека некои партиски штабови во таков случај би можело да бидат злоупотребени ако се исклучат од аудиовидео мониторингот. Но, претпоставката дека може да се направи злоупотреба, колку што мене ми е познато,во правото не е прифатлива, а се надевам дека тоа и во Полицијата, во секоја друга логика, не е прифатливо односно тогаш кога судијата се сомнева во доказите, подобро е да го ослободи обвинетиот отколку неправилно да го осуди, а за неправедни осуди сме сведоци ние во Македонија, многу многу години, за жал, а јас ќе се ограничам само на периодот 1945-2006 година. Токму затоа и многу инсистирав, па еве на мое големо задоволство се развија и интересни дискусии на таа тема. Но, не разбирам зошто оние кои во изминатите години биле најмногу засегнати, наместо да го бранат тој амандман, си дозволија да прокоментираат нешто во спротивна насока и зошто сепак Парламентот, не како партиски претставници, не успеа по споствено видување да ги одбрани, не функционерите на партиите или партиските штабови, туку да ај одбрани демократијата во Македонија, да одбраниме она што на друг начин не се брани, туку со закон, бидејќи во пракса функционира многу поинаку. Значи несомнено дека овој закон на Македонија и е неопходен и е потребен, не заради тоа што на тоа толку строго не обврзувал Рамковниот договор и заради тоа, да нема дилема дека јас нешто друго сугерирам, и заради тоа што е потребн на сите можни начини да се доближуваме до Европската унија, туку е потребен за оваа држава конечно со закон да се уредат ингеренциите, правата и должностите на Полицијата.

Она што ние добро успеавме да го направиме како Парламент, но и благодарение на Владата, сметаме , тоа што сепак беа прифатени неколку амандмани и јас би ги спомнала неколкуте кои ги запамтив, на госпоѓа Топузова. Значи, во однос на контролата на работата на Полицијата, односно на соработката на Полицијта со локалната самоуправа, потребата Министерството да дава извештај до граѓаните, легитимирањето кое според мене е исклучително значајно, затоа што веќе опширно дискутиравме на една од седниците дека униформата веќе ништо не значела. Јас и тогаш кажав зошто униформата ништо не значи, затоа што таа униформа беше злоупотребена од одредени политичари од оваа земја и од гпрдпст на оваа земја, некој успеал иниформата комплетно да ја обезличи и не само да ја обезличи туку и да ја злоупотребио и полицајците кои чесно си ја работеа својата работа да ги прогласи за нечесни луѓе, нарекувајќи ги со разни погрдни зборови. Така да легитимирањето сметам дека е придобивка на овој Парламент во корист на овој закон.

Особено значајно сметам дека беше тоа што сепак Владата имаше доблес да се позанимава малку и со правата на полицајците, кои толку долго ги критикуваме. Значи станува збор за два амандмани во кои се бараше да се оствари право на здравствена заштита на полициските

службеници и право на обештетување во случај на смрт на полициските службеници. Ако сакаме навистина на Полицијата да и го вратиме дигнитетот, значи да го вратиме достоинството на полицискиот службеник без оглед на тоа од кој ранг е, ние мора да и укажеме почит на таа служба и на тие луѓе кои сериозно, одговорно си ја работат својата работа. Значи во најтешките моменти кога службениците би биле повредени на службена должност, сметам дека ние како граѓани, а преку нас државата Македонија треба да им помогне да го завршат своето лекување и големо задоволство ми е што тој амандман е прифатен.

Вториот амандман се однесуваше на обештетување во случај на смрт, тоа е член 111 од законот, значи кога ќе настапи смрт на полицискиот службеник наместо 12 да му бидат доделени 24 плати оштета на семејството или еден член од семејството да биде вработен. Сметам дека тоа сме им должни како граѓани, не како Парламент, на оние кои го одржуваат редот и мирот во оваа земја, толку колку што можат во вакви услови и кои ќе се бореле, се борат и ќе се борат против криминалот и корупцијата, тешкиот терет кој оваа држава го носи на својот грби и за кој сите ние, некои декларативно а некои не, се декларираме, односно велиме дека треба да се бориме.

Не можам а да не спомнам дека сепак е големо незадоволството од генералната оценка дека овој закон во суштина може да претрпи значајни промени во подобрување на квалитетот. Значи се воздржувам да го употребам зборот дека не е добар, значи овој закон навистина би требало да биде во некој следен период не како поправен, ќе повторам за да потенцирам затоа што сепак во одреден број на членови не се соодветно регулирани правата или ингеренциите на Полицијата кои можат да бидат злоупотребени, не велам од службениците туку и од нивните претпоставени, па дури и од власта и притоа Македонија да ја вратиме во некој темен период. Тоа е оној период кога оваа земја ја нарекувавме полициска држава во која владееше темниот комунизам и кој Македонија ја држеше во онаа ситуација во која се наоѓаше пред појавата на плурализмот. Незадоволна сум од тоа и што пратениците, пак ќе потенцирам, не успејаа да најдат сили и ако не за Кочани, па макар за Прилеп да продискутираат, да размислат уште еднаш и сериозно да го изгласаат амандманот кој не беше само од ВМРО-Народна или мој, туку и од други пратеници предложен за внесувањето на секторот Прилеп во организациониот дел од законот.

Прилеп е навистина територија голема со релативно голем број на жители, а според изјавите на функционери, не само од Прилеп туку и од државата, криминалитетот во тој дел е зголемен и неопходна е потребата од полициски надзор во тој дел. Се што беше значајно на Прилеп, не знам зошто но полека се одлева од тој град што го правеше град, полека полека се префрла во ингеренциите на другите градови и ми се чини дека како град кој заслужил, пак и вчера го славевме празникот на градот херој, ние не му даваме доволно значење на овој град. Не верувам дека некои други пратеници, без оглед на националноста ќе имаа нешто против затоа што јас кога зборувам за законот за Полиција, не зборувам за национални прашања, туку зборувам за стручност и одговорност во работата која на сите нас, не како пратеници, туку како граѓани ни е потребна за добро да функционира државата.

Искрено се надевам дека министерката за внатрешни работи, така како што многу од пратениците побараа од неа и посочија дека би било добро, би можела во следниот период, до стапување во сила на овој закон, значи период од една година, повторно да ги разгледа нашите предлоци и не само нашите, туку сериозно да размили за подобрување на квалитетот на овој закон и да поднесат амандмани за измени и дополнување на овој закон. До колку тоа не го направи Владата, ќе мора тоа да го прават пратениците на овој Парламент од повеќе различни партии, што повторно мислам дека би можело да не доведе во ќорсокак, до колкук тие различни партии, кога ќе бараат дополнување и измени на законот за Полиција, повторно да бидат водени од партиските интереси. Сепак, за да го избегнеме таквото нешто кое би можело во иднина да се случи, сметам дека дополнувањата и измените на овој закон би било најдобро да го направи Владата.

Притоа, би се постигнало и она кое за време на расправата по повод на амандманите и денес по повод на текстот на законот, ми се чини дека не успеавме да го постигнеме, а тоа е широк консензус за донесување на овој закон. Иако као што некој рече, веќе не помнам кој, овој закон се носи само со 41 пратеник. Тој е системски закон и сметам дека е потребно барем одобрување од дел од опозицијата која гледам дека ја нема тука во Парламентот. Ако не дискутираше опозицијата по амандманите, барем да дискутираше по Текстот на законот. Значи, да не должам многу и да не го држам вниманието на Парламентот, повторувам дека овој закон сметам дека треба нашата држава да го има и дека треба да го донесеме во Парламентот.

И затоа пратеничката група на ВМРО-Народна партија ќе го поддржи. Но, како заклучок потврдувам дека треба да претрпи измени и дополнувања, особено во правецот на заштита на човековите права, на дефинирање на ингеренциите на полицијата и во дефинирање на правата на полициските службеници. Се разбира, сметам дека има и пропусти во однос на локалната самоуправа, но не од принцип на национална гледна точка, туку од принцип на комуникација меѓу полицијата и локалната самоуправа и централната самоуправа, затоа што во полицијата барем таму како што и во јавното обвинителство и во судството никаде и никогаш не смее да стане збор за ништо друго

освен за стручност, професионалност и независност.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Веле Митаноски.

**Веле Митаноски:** Благодарам почитуван претседател, почитувана госпоѓица министер, почитувани пратеници, вие што сте внатре во салата и тие што се надвор.

По успешниот старт со измените и дополнувањата на законот за ДДВ, денеска по евидентниот заплет што го имавме изминативе 10-тина дена водиме расправа по легислативен пакет од два закони поврзани директно, или индиректно со работата на полицијата, по природата на нештата еден од најзатворените општествени сегменти секаде во светот, па и кај нас. Дозволете да оценам дека расправата ја водиме во една за наши прилики можеби невообичаена, да не кажам первертирана ситуација кога ние како актуелно владеачко мнозинство предлагаме законски проекти целосно преземени од претходното владеачко мнозинство, дури и во насловната страница се доаѓа со стари датуми и имиња на поранешни министри особено за втората точка. Сепак, дозволете да повикам да не бараме негативни конотации во сето ова, односно во формата, туку да и се посветиме на содржината на текстот. Формата ќе предложам да биде израз на нашето демократско зреење. Се надевам дека тие биле и мотивите што вака се постапило. Исто така, се надевам дека денеска нема да ги повредам чувствата на еден од пратениците кој во една моја дискусија од претходните седници прочита пренагласена доза на внимание за потезите на опозицијата. Напротив, и покрај неговата малициозност, јас ќе му оддадам признание што деновиве често го гледав во опозиционите клупи и редови со намера да помогне со своето искуство и мислам дека навистина многу помогна и ова го говорам најискрено. Како и да е, по почетните тврдења између позицијата и опозицијата, мислам дека влеговме во продуктивна работа и расправа, бидејќи ако продолжевме на ист начин се плашам дека ќе дојдеше до замор на нас, до замор на материјалот кој после ќе биде неупотреблив, сеедно од која страна и да е. Значи, упатувам апел и кон едните и кон другите, сепак, да не го трошиме јунето само за една кременадла, да бидеме рационални и конструктивни, бидејќи кај нас многу често се случува дневната политичка добит на крајот да излезе како голема загуба за сите подеднакво. Во таа смисла дозволете ми да го искажам моето задоволство пред се од враќањето на колегите од ДУИ во Парламентот и нивното учество, особено на начин што денес го прават. Се надевам дека нивното образложение дека ќе учествуваат само во донесување на закони од непосреден интерес само за Албанците, или само кога е потребно Бадинтеровото мнозинство, по мене, нека не ме сфатат погрешно, претставува своевидно меко спуштање од претходните потврди позиции. Мислам дека наскоро ќе расправаме за сите прашања што ги тангираат и прашањата на Албанците и на Македонците, но и на останатите етнички групи. Имено, ДУИ интегративната, да кажам граѓанската интенција ја носи во своето име. Па, дозволете да го искажам задоволството што партиципираат и во работата на собраниските комисии и јас лично што во мојата Комисија за култура ќе претседава колешката почитуваната госпоѓа Теута.

Почитувани колеги, Предлог-законот за полиција ги уредува организацијата, овластувањата и обврските на полицијата. Тоа е правната рамка за функционирањето на полицијата во нашето демократско општество. Од министерката слушнавме дека Предлогот е хармонизиран со европското законодавство и меѓународните стандарди, особено во делот на заштитата на човековите права за што никој пат не е доста и доволно, за тоа зборуваше почитуваната колешка Весна и не би се задржувал по тоа прашање. Нема сомнение дека Предлогот е дел од самата реформа на полицијата на некој начин е дел и од пакетот на реформата на локалната самоуправа. И на крајот, а не помалку битно, ова законско решение е и дел од пакетот, ќе искористам една формулација на почитуваната госпоѓа Теута Арифи, дека ги рефлектира принципите на Охридскиот рамковен договор.

Пратеничката група на Нова социјал-демократска партија и јас самиот ќе го поддржиме усвојувањето на законот, бидејќи неговите вредности и предности што јас пред малку ги набројав се дел и од нашата изборна програма, во која се третираат речиси на идентичен начин. Тоа се пред се заедничките европски принципи и вредности, стремежите да се прифатат европските норми и кодекси на однесување, да се гради доверба и партнерски односи нагласувам со граѓаните и особено што законот дава гаранција за изградба на нови внатрешни структури во полицијата кои ќе значат ефикасна борба со корупцијата и организираниот криминал во општеството. Нашата пратеничка група заедно со раководството на партијата ќе изработи и посебна платформа како наш поглед и влог во функционирањето на владината коалиција со истите постулати за кои јас пред малку ви говорев. Зошто е особено значајно ова прашање? За Република Македонија кон крајот на минатата година се подотвори европската порта во прв ред поради успешната имплементација на Охридскиот рамковен договор. Предходно и паралелно беше окончана мисијата “Проксима” како потврда на започнатите реформски процеси и во полицијата, што ќе рече и поради имплементацијата на принципите на Рамковниот договор во делот на обврските на полицијата. На пример, во правичната застапеност, во недискриминацијата, демократската невладина и јавна медиумска контрола и т.н.

Да не заборавиме, Охридските принципи сега се и уставни принципи со усвојувањето на познатите

три амандмани од Уставот на Република Македонија. Новиот закон ќе ги стимулира тие процеси и затоа пледирам за максимален политички консензус во неговото прифаќање што беше општа политичка заложба во досегашната расправа. Дел од трансферот на надлежностите и ресурсите од државата на општините се и самите процеси во полицијата. Дали се тие доволни по квантитет и квалитет? Одговорот е начелно, да. Полицијата е првиот државен штит каде што се судираат човековите права и слободи. Токму за тој сегмент денеска, почитувани колеги, Европа говори за своевиден терк и модел на Република Македонија одржлив, по мене и применлив. Ние сме многу блиску до посакуваната цел, полицијата како сервис на граѓаните. Но, дали се одржливи и применливи сите барања слушнати во расправата, на пример, за втор службен јазик во полицијата, или утре во Армијата. По мене, одговорот е засега не, и треба многу внимателно да се приоѓа по ова прашање. Имено, дозволете да изнесам неколку аргументи. Денеска добар дел од населението во Република Македонија има право да користи службен јазик различен од македонскиот. Тоа им го овозможува државата, односно 32 општини и градот Скопје, тоа им го овозможува реформата на локалната самоуправа која во македонскиот, или ако сакате европски случај е магна карта на современата демократија што е програмски постулат и на мојата партија низ начелото: еднакви можности за сите граѓани. Меѓутоа, ако ми дозволите, духот на Охридскиот договор не е развластувањето на државата, или напуштањето на нејзината унитарност па и во овој случај. Напротив, унитарноста од една, односно, унапредувањето на идентитетот на заедниците низ еднакви права и статус на немнозинските, пак ќе нагласам, особено албанската од друга страна се темелите на Охридскиот рамковен договор. Всушност, овој Договор не е модел врз територијален туку врз граѓански концепт. Како известувач на две релевантни медиумски куќи, една домашна и една странска, бев на местото на настанот кога се градеше овој политички договор и многу добро го познавам, или можам да си припишам дека го познавам.

Децентрализацијата никаде, па и кај нас не може да ги суспендира овластувањата на централните власти. Таа може да биде само противтежа, но никако пак, во полицијата и Армијата, каде што важат принципите на субординацијата, односно еднокомандувањето, па ниту во судството ако сакате. Јас се согласувам со општо прифатениот став дека патот на Македонија кон Европската унија води преку Охрид, но ако ми дозволите, не само поради Рамковниот договор туку, еве да бидам малку и локал патриот, и поради општиот цивилизациски прилог на македонската културна метропола во изминативе 11 столетија. Но, да се вратам на темата, полицијата и судството не можат да се децентрализираат на начин што некој од нас посакува. Тие не можат да зависат од доминантната политичка волја на градоначалниците или градските совети, како илустрација, ќе ви ги наведам само проблемите околу примената на Бадинтеровиот принцип на локално ниво. Земете ја Струга на пример, Европската унија и Меѓународната заедница на овој случај се инволвираат и се инволвираа на сосема банални комунални прашања. Од друга страна, не може до бескрај да се либерализираат критериумите за избор на командирите на станиците, бидејќи во спротивност се губи едно од основните начела, а тоа е компетентноста. За жал, амандманите на член 17 не се прифатени, јас еден барем од нив ќе гласам а тоа е оној четвртиот,ќе го гласам, за началник на централните полициски служби, се предлага четиригодишно исксутво, што мислам дека не е во дослух со образложението, ниту по прашањето за поинтегрирани односи затоа што веќе десетина години ние со тоа прашање се соочуваме и мислам дека имаме успех, па ниту со прашањето од образложението за евроатлантските структури, затоа што мислам дека дури и таму не може со четири години да се добие втората или третата позиција, најоперативната од која зависи употребата на големи полициски состави. Јас би ја замолил министерката барем по ова прашање, ако сака да поведе поголемо внимание.

И на крајот, мислам дека учесниците во изработката на Охридскиот договор, па тука и меѓународната заедница во прашањето што го третираме сега имаат најдено добар компромис низ заедничкото одлучување на локалните и централните власти во назначувањето на командирите на полициските станици, односно мешаните етнички состави на локалните полициски сили. Тој баланс законот според мене, го постигнува и нема потреба од поишроки овластувања на локалните власти како што нема потреба да речеме, на 10 километри од мојот Охрид да имаме уште еден сектор. Од друга страна ве молам да се разбереме правилно. Не треба да има никакви лимити и мора ние да го стимулираме трендот на правичната застапеност. Во оваа смисла да не прозвучува само демагошки, ќе ви кажам нешто од моето искуство. Претходно бев директор на Агенцијата за информации на Република Македонија. Во времето кога јас ја раководев и непосредно пред да биде укината, процентот на Албанците беше околу 30% и ние воопшто не робувавме на другите цензуси кои што беа пониски.

И на крајот ќе ми дозволите да завршам со една оценка за негативната, да не кажам опасната тенденција политичките партии своите барања и интенции па и во овој Парламент да ги продаваат како барања на националните заедници. Никој нема право на таков ексклузивитет, особено не во една плурална демократија. Погледнете го само распоредот на силите и однесувањето на политичките репрезенти и во овој Законодавен дом. Нема хетерогеност кај двата доминантни етнички, во случајов, политички корпуси, македонскиот, односно албанскиот, па ниту во

останатите, на пример, во постизборниот период, или конституирањето на новите власти и по прашањата што сега ги третираме. Но, тоа воопшто не е лошо. Тоа е одраз на нашето демократско зреење. Затоа јас употребив израз плурална демократија како спротивставување на тенденциите и стремежите за мултиетничка демократија за што имаше доста реплики во изминатите денови, односно како лична и заедничка определба на нас пратениците од Нова социјал-демократска партија за граѓански концепт на држава и општество, особено што некои, па и во Парламентот овде, кога велат мулти, всушност мислат на двоетничка демократија, па дури и на држава што е неприфатливо и неправедно особено кон помалите етнички групи. Еве и досегашната расправа и по овој повод како да потврди дека денес во Македонија постојат два главни парадокси. Првиот е поради тоа што политиката се води од аспект на колективитетите, а не низ призмата на индивидуалните човекови права како што би требало да биде. А се додека политиката се води кон колективитетите ќе се соочуваме со индикатори на наближување, односно оддалечување на некаков вид пожар што ни се случуваше изминативе денови. Индивидуалните загарантирани човекови права бараат една релативно моќна, ефикасна, централизирана администрација што тоа ќе ни го гарантира. Унитарниот карактер на македонската држава не значи и централизиран концепт. Само организирана држава може да обезбеди амбиент за развој на културите каде заедниците ќе се допираат во еден начин на постмодерно живеење. Ова се основните постулати на модерното сфаќање на современите општества, seедно дали се повеќе, или помалку хетерогени. Унитарноста во секој случај е предуслов за заедничко организирање на животот. Затоа и ги разбирам и ги разбрав реакциите што се јавуваа при споменувањето на терминот мулти, односно двоетничка држава.

Вториот парадокс за што малку спомнав пред малку се таканаречените мали малцинства. Политиката и дијалогот и во овој Парламент како да се водат само на релација Македонци-Албанци во кој правец се насочува и државно-правниот концепт.

За останатите се води сметка само пред и по избори кога се калкулира со нив како со бројки за што, исто така, имаме свежи примери и мислам дека и денеска се говореше од говорницата кога е во прашање ромското национално малцинство односно етнос.

Сепак, мислам дека треба да имаме повеќе разбирање и верба, јас сум подготвен да ги отфрлам сите сомневања околу зрелоста на Република Македонија и можноста за заеднички живот и вкрстување на различни култури и ентитет. Пред повеќе од една деценија и Бадинтер, угледен европски правник и неговата Комисија ја препорачаа македонската зрелост за осамостојување, па и по ова прашање што денеска е предмет на расправа.

Имено, сакам да бидам отворен на крај, во нашиот случај, во македонскиот случај можеби не е возможен консензус од највисок вид како што тоа е случај хомогените општества од словенечки, чешки итн. Но, сепак, мислам дека можеме да ја најдеме нужната мерка између потребата на унитарното устројување на државата и полната рамноправност на етничките групи особено кога сме во прашање ние - избраниците на народот во овој законодавен дом и за што потрошивме доста време во изминатите денови.

Како и да е, мислам дека не смееме да се симнеме под нивото на еден базичен консензус кој ќе го избегне насилството и одлевањето на енергијата, како што изминатите денови навистина доста енергија одлеавме, а можевме да ја насочиме порационално.

Ете, тоа ќе го наречам процедурален консензус низ кој Македонија може да гради отворено демократско општество, па и преку сегментот на полицијата во кој прилог оди и усвојувањето на овој закон.

Јас пледирам да го донесеме со колку што е можно поширок политички консензус и на тој начин пред европските институции и меѓународната заедница да емитуваме пораки на зрела демократија и подготвеност за градење на отворено општество. Ви благодарам на вниманието и на трпеливоста. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Сулејмани, барате реплика?

Повелете, три минути.

**Фадиљ Сулејмани:** Ви благодарам господине претседателе. Ме чуди излагањето на колегата која не враќа назад во средновековниот мрак. Ние говориме за демократија и неколку пати ја спомна демократијата, а од друга страна бара да се спречи едно универзално право како што е културата, јазикот и националните симболи во целина. Значи, сака да им ги спречи на албанците и се крие зад тоа дека и другите треба да имаат право. Сите нека ги уживаат правата, ние сакаме сите да се чувствуваме рамноправни во оваа наша земја, во оваа наша татковина, во Македонија.

Овде се бара да се интегрираат малцинствата иако ние не сме малцинство, ние сме 25% по официјалниот попис, но во реалност сме колку и македонците. Нека се предложи комисија и нека не пребројат, бидејќи никогаш не не пребројале, вие не броевте и секогаш ги изнесувавте бројките кои ги сакавте, да видиме колку има македонци, а колку албанци. Меѓутоа, демократијата не е во тоа кој е мнозинство кој е малцинство. Ако сакам да пијам вода сакам да имам чаша вода и да си ја испијам. Значи, се бара интеграција на албанците во системот. Како сакате интеграција, сакате ние да се откажеме од нашиот национален идентитет, да го оставиме нашиот

јазик и културата и да го земеме македонскиот јазик и култура? Не. Ние сакаме да го имаме тоа што го бараат и македонците. Ние ги бараме нашите универзални права во училиштата, културата, не прогласувате сепаратисти, не приведувате, не затворате и тој што бара да им се забрани ова право на Албанците дали треба да го прогласиме за патриот? На овие луѓе не им е место во Парламентот. Овие не водат во раскол, во мрак и ваквите дискусии треба да ги спречите господине претседателе. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика за господинот Митаноски, една минута.

**Веле Митаноски:** Јас најискрено жалам ако не се разбравме, јас нејмалку сум човек што враќа состојби во средниот век, јас воопшто не спомнав малцинство, а најмалку албанско и целата моја дискусија одеше во прилог на залагање на избалансираност, рационална, функционална помеѓу унитарниот карактер на државата и унапредување на правата, слободите, културните, националните чувства, идентитет итн. Ако сте ме разбрале поинаку, ви се извинувам, но не верувам дека така сте ме разбрале. Ова е наменска дискусија.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика од три минути за пратеникот Тахир Хани.

**Тахир Хани:** Почитувани пратеници, сакам да му реплицирам на говорот на пратеникот кој говореше претходно, кој на дециден начин нагласи дека албанскиот јазик не треба да биде службен јазик во Министерство за внатрешни работи и Министерството за одбрана. Меѓутоа, тука би го нагласил амандманот 5 кој е дополнување на членот 7 од Уставот на Република Македонија преку кој амандман албанскот јазик се претставува како службен јазик, а за граѓаните албанци во Република Македонија низ целата територија почнувајќи од централните органи и локалните органи дури во органите на локалната самоуправа граѓаните албанци можат слободно да се обратат на својот службен јазик и со нивното латинско писмо.

На претходниот говорник треба да му е јасно дека независно од тоа што Охридскиот рамковн договор албанскиот јазик не е потполно рамноправен јазик на државно ниво, сепак тоа е службен јазик на ниво на државата за употреба од страна на граѓните.

Од ова се имплицира дека амандманот 5 на дециден начин вели дека на целата територија на Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и кирилското писмо. Друг јазик кој го говорат најмалку 20% од страна на граѓаните е исто така службен јазик и писмото на тој јазик, како што е определено во членот 7. Личните исправи на граѓаните кои говорат службен јазик поинаков од македонскиот јазик се издаваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо исто така и на јазикот и писмото во согласност со законот. Кој и да е граѓанин што живее во единица на локална самоуправа и говори јазик поинаков од македонскиот јазик над 20% во комуницирањето со подрачните единици на министерствата можат да се обратат на кој сакаат службен јазик и писмо. Подрачните единици надлежни за нив одговараат на македонски јазик и кирилско писмо исто така и на службениот јазик и писмото кое припаѓа на тој граѓанин кој се обратил до нив.

Значи, со овој амандман на дециден начин се гарантира албанскиот јазик да биде службен јазик во службена употреба за граѓаните. Има рестрикции дека централните органи како што е Владата, во Владата не може да се употребува албанскиот јазик, дека не е дипломатски јазик албанскиот јазик, меѓутоа, граѓанинот има право и тоа наметнува во Предлог законот за полиција да се земе во предвид дека албанскиот јазик треба да има соодветна примена, употреба и со посебен член треба да се предвиди амандманот 5 од Уставот на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика од една минута за господинот Митаноски.

После има реплика Рафис Алити и контра реплика и завршуваме со тој циклус.

**Веле Митаноски:** Јас зборував за употребата на албанскиот јазик, дури во една едиција во Форум најдов дека на 60% од територијата се употребува како втор службен јазик, но, тоа е друг прашање.

Јас ви употребив термин субординација. Значи, јас зборував по прашањето на командувањето. Останувам и натаму на тврдење дека два јазика во Полицијата и Армијата нарушуваат едно основно начело во командувањето односно едно командување, а тоа е субординација, тоа не е на едно прашање, инаку воопшто за ништо друго не спорам, сум за унапредување на сите права и еднаквости.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, реплика Рафис Алити, повелете три минути.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Навистина пратеникот кажа многу убави зборови, кои убаво звучат до граѓаните, но доколку ја видиме внатрешноста на тоа што го кажа, повторно ќе дојдеме до тоа дека говориме убаво, но работите да не ги извршуваме како што треба да бидат. А, ние албанците од убави зборови сме сити. Велам, 50 години слушаме убави зборови, но работите не течеле како треба. Велам вака бидејќи вие господине велите дека да ќе се говори во полицијата на албански, ќе се пишува на албански, но не сега или во војската, ќе се говори албански, ќе се пишува на албански, но не сега. Се поставува прашањето, кога ќе се случи тоа? Сигурно дека се поставува прашањето кога ќе се случи тоа? И повторно албанците ќе треба да бидат зависни од вољата на некоја политичка гарнитура која ќе биде на власт, дали е спремна да им одобри да пишуваат и зборуваат на албански во војската и полицијата или нема да им го дозволат тоа. Во овој закон немавме спогодба со нашите

коалициони партнери за што се заложи Весна Јаневска и за што зборуваше целото време дека коалицијата ДУИ и ПДП и СДСМ наводно сме го изготвиле овој закон. Треба да ни биде јасно дека овој закон ние не сме го подржале. Но, господинот сакам да му реплицирам, амандманот 5 од Уставот став 2, ќе го прочитам на македонски бидејќи знам дека вие го знаете напамент. Но, ќе го прочитам овој став за да го слушнат граѓаните. Тој гласи: "Јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, исто така е службен јазик и неговото писмо, како што е определено со овој член". И се поставува прашањето, што треба да правиме ние албанците? Не случајно велиме дека треба да се прецизираат работите во секој закон не само со овој закон за кој расправаме, бидејќи се прават манипулации со тоа што се пишува и со тоа што се практикува во пракса.

Ова го велам бидејќи еве ќе ви спомнам еден од договорите кои ја гарантираат употребата на албанскиот јазик е Деловникот на Собранието. Пратеникот му се обраќа на Собранието, претседателот на комисијата нема право да говори на албански јазик. Каде го пишува тоа во Деловникот на Собранието. Се поставува прашањето, имавме еден договор, но истиот не се почитува и граѓанинот албанец поради непочитувањето на договорите и деловниците е принуден неговиот пратеник да го слуша на македноски, а тој пратеник кој го добил гласот од тоа гласачко тело овде говори на албански. Дали во светот има вакви аномалии, вакви случаи, би ве прашал? Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Пред да ви дадам збор господине Митаноски, би сакал само нешто да ве предупредам. Сепак да се држиме до темата, да ја оставиме војската на страна, сега дискутираме односно водиме претрес за законот за полиција, дури и во жарот на дебатата и на репликите сепак треба да поведеме сметка каде би не одвело тоа, така што уште еднаш ве молам да се држиме и во жарот на репликите, да се држиме на темата. Така е подобро за сите нас. Изразите војската или полицијата се неточни, затоа што меѓу тие два феномени, идеи, концепти, поими не може да се стави збор "или" итн. Но, тоа е нормално, возбуда, дебата, така приличи на еден Парламент, но она што не е добро е да бегаме од темата. Затоа ве молам сите да се држиме за темата, фала богу опширна е темата, не не ограничува за ништо.

Повелете сега контра реплика една минута Митаноски и потоа одиме со Аднан Јашари му даваме збор.

**Веле Митаноски:** Почитуван претседателе, барем кај мене нема никаков жар, но, во ред, армијата ја спомнав само во делот на субординацијата, не и е местото денеска, ќе видиме друг пат, се извинувам ако направив лапсус-лингва.

Но, господине Алити меѓу моите убави зборови и моите дела нема ни влакно разлика, јас ви кажав само еден мој практичен пример на моето делување, ви кажав каде, вие добро знаете дека беше така, сега ќе ви кажам уште еден, не сега, туку во 1992 -1993 година колегата со кого вие реплициравте го направи првото комерцијано радио на албански јазик во Република Македонија, не постоеше никаков охридски договор, но постоев само јас, а кога ќе се случи тоа што вие се залагате, ќе се случи оној пат кога ќе имаме законска подлога. Ви благодарам повеќе не учествувам во реплики.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално три минути за госпоѓа Божиновска.

**Валентна Божиновска:** Почитуван претседателе, се разбира имам чувство дека не е контра реплика, туку повеќе конструктивна реплика до моите колеги почитувани пратеници

(Реакција од страна на пратениците, процедуралното се претвори во реплика)

Контра реплика на говорот на господин Митаноски.

За што станува збор? Глорификацијата на еден јазик е многу сериозна работа. Тоа е нумеричка работа, тоа има своја база, своја номенклатура со јазичен ред и своја основа, свој стандард, своја нумерологија за која лингвистите се загрижени повеќе отколку ние како пратеници. Ние можеме само да ги толкуваме нештата. И албанскиот има своја норам и македонскиот јазик има своја норма на јазични перформанси.

Почитувани колеги пратеници, ова е премногу суптилно прашање, ова е премногу сериозен терен за да можеме вака да разговараме со јазиците. Имено, има една книга која ја препорачувам многу продуктивно на сите мои колеги, а таа книга е излезена од СОРОС фондација и е интерференцијата помеѓу македонскиот и албанскиот јазик. Сметам дека е ретка, дека е исклучителна книга по многу нешта. Најпрвин е нешто што го укажува природниот процес и на македонскиот и на албанскиот јазик. Тоа значи следното: дека еден полицаец во Струга и тоа како добро го познава албанскиот и обратно македонскиот јазик исто така и еден драг колега полицаец од Сарај одлично го познава македонскиот и сопствениот албански јазик.

Во книгата на господин Шабан Демиреи имаме нешто што е поздрав до сите нас, а и да го пласираме до меѓународната заедница дека има така наречен природен закон во кој во мигов во Македонија имаме над 1800 зборови кои се взаемни и во албанскиот и во македонскиот јазик, тие се на дијалектот на ниво на цела Македонија. Зарем тоа не е напредок, зарем тоа не е продукт, ве прашувам, зарем тоа не е сериозно живеење на албанците и македонците во Македонија?

Според тоа, повикувам на нешто што овој закон требаше да биде сериозен императив, една сериозна заедничка агенда на сите политички субјекти, имам чувство дека овој закон требаше повеќе да не обедини отколку да не разедини. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам, пред да дадам контра реплика една минута на господинот Положани би сакал уште еднаш да потцртам да се држиме до дневниот ред ќе имаме време опширно и за јазикот да говориме.

Ако ми дозволите, дајте да завршуваме работи за да имаме што да ставиме прво на јазикот оти ако немаме што да ставиме на јазикот, џабе ќе го говориме на гладно не се говори.

Една минута контра реплика за господинот Положани и се враќаме на дискусија.

**Азис Положани:** Благодарам претседателе, јас на госпоѓата Божиновска ќе и реплицирам или контра реплицирам на македонски јазик за да покажам дека ја почитувам и неа и јазикот кој што таа го зборува, а и јас го познавам. Ќе зборуваме и за таа книга многу добро која таа вели за други кога таа ќе прозбори на мојот јазик за да покаже дека мене суштествено ме почитува, само тогаш ќе бидеме рамноправни.

**Љубиша Георгиевски:** Завршуваме, пред да му дадам збор на господинот Аднан Јашари, би сакал да говорам толку добро албански колку што господинот Положани говори македонски.

Повелете господине Јашари имате збор.

**Аднан Јашари:** Благодарам за дадениот збор.

Имајќи предвид дека на дневен ред имаме Предлог закон за полиција, така како што направив и во првата фаза, кога ние расправавме за предлогот за донесување на Законот за полиција, во која фаза, како и многу колеги од тој парламентаренсостав и јас земав активно учество при расправата за Предлогот за донесување закон за полиција, ценејќи дека јас заедно со моите колеги од тој парламентарен состав, ќе дадеме придонес во правец на подобрување на текстот.

Сум учествувал и во неколку јавни расправи или пак семинари за овој Предлог закон каде биле присутни и луѓе од јавниот живот во Македонија, професори итн. На овие семинари дадени се забелешки. Меѓутоа, како што сите знаете, забелешки за Предлог законот или за текстот, кажано едноставно, на овој предлог закон, дале и многу институции или меѓународни организации, секако и невладини организации во државата. Со еден збор тенденцијата на забелешките дадени било од физички лица од јавниот живот, било да се дадени од институции или организации од локален државенили меѓународен карактер, биле во правец на подобрување на текстот, во споредба со првата фаза.

Лично, кога јас го земав овој Предлог закон во раце, споредувајќи го со првата фаза дојдов до констатација дека речиси воопшто не е изменет, не само од формално правен карактер, туку би рекол и измени од содржински или суштински карактер.

Во текот на расправата што се разви по однос на амандманите кои беа предложени од пратеници од разни парламентарни групи, сме настојувале да ги дадеме нашите забелешки, сме дале забелешки, сме дале, како што реков претходно и во првата фаза и сега ќе слушнете, со тоа што ќе почнам да ги дадам моите забелешки што се однесува на текстот на овој Предлог закон.

Во вториот член став 2 каде се говори за полициски службеник, така како што е кажано во овој член: “Полициски службеник е овластено службено лице согласно одредбите од Законот за внатрешни работи”, и продолжува натаму.

Повеќе од вистина е дека полицијата е Сектор за внатрешни работи. Меѓутоа постои уште еден друг неоспоред факт или една друга вистина дека Законот за внатрешни работи не кореспондира со оваа терминологија. Значи, Законот за внатрешни работи не познава терминологија полициски службеник. Во оваа насока, така како што се прави и во ставот 2 од членот 2, да се повикаш на одредбите од Законот за внатрешни работи, мислам дека е грешка и јас не знам зошто во оваа фаза предлагачот не интервенирал во овој дел. Пред се, сакам да нагласам и за колегите од овој Парламентарен состав, забелешките за овој терминолошки аспект во првата фаза беа дадени речиси од сите пратеници од сите парламентарни групи.

Во членот 6, меѓу другото се говори за помошта што може полицијата да ја укаже на државните органи, така како што пишува, на општините и на Градот Скопје, на правни и на физички лица во определени случаи, како што се нагласува во продолжение натаму.

Членот 7 е поврзан со членот 6. И во членот 7 се говори за помошта или асистенцијата што може полицијата да ја укаже на овие лица што претходно ги кажав, во случај на спроведување на извршна одлука. Меѓутоа, секогаш се говори за спроведување на извршна одлука, значи се говори за судски одлуки. Меѓутоа, овој случај не се говори за тоа како и на кој начин ќе може да се спроведе некоја одлука на општинските органи или на Градот Скопје.

Јас и во првата фаза, меѓутоа и сега ќе нагласам и сега дека ќе беше и добро дека во колку и овие два члена се прецизира прашањето на спроведување на одлуките на органите на општината или на Градот Скопје.

Во членот 13 каде се говори за полицискиот службеник. Како што е напишано, полицискиот службеник е должен, надвор од работното време, или времетраењето на работното време, да преземе неопходни мерки, според околностите на случајот, како што е заштита на животот, сигурноста на граѓаните и имотот на граѓаните. Сепак во овој член не е определено или пак не е кажано дека преземањето на таквите мерки. Во овие случаи, полицискиот службеник е обврзан да го направи преземањето колку што е можно во пократок временски рок. Значи постои непрецизност во овој член.

Член 14 став 2, на крајот на реченицата пишува: “вина на сторителот на тоа дело”. Јас мислам дека за определување на тоа кој е виновник и дали е или не е сторител на тоа дело, претходно

треба да се развие определена постапка и врз основа на таа постапка може да се определи или да се утврди дали некој е или не е виновен. Во тој правец, ценам дека во продолжение на овој став требало да се нагласи,со дополнителни зборови како ќе се уреди прашањето што јас претходно го нагласив.

Во член 16 став 1 е забелешка што јас ја направив и во првата фаза, ќе ја кажам и сега. Се говори за Бирото кое во иднина ќе биде раководено во директор кој на предлог на министерот ќе се именува и разрешува од Владата на Република Македонија, за време определено од четири години. Бирото и сега функционира во рамките на секторот за внатрешни работи, како сектор или како орган на Секторот за внатрешни работи. Бирото сега за сега, освен директор има и заменик директор. Со право се поставува прашањето кој ќе го заменува директорот, доколку тој оправдано или неоправдано е отсутен од работното место, или пак се поставува и друго прашање, зошто предлагачот во оваа одредба или во овој став нема определено и заменик директор.

Ставот 2 каде што се говори за условите кои треба да ги исполнува директорот, говори за таканаречено соодветно високо образование.

Јас уше еднаш ќе нагласам, затоа што во неколку одредби од овој текст се говори или пак се користи еден таков поим или терминологија, па ќе кажам дека и овој дел и оваа реченица што се нагласува во овој став од точктата 1, е терминологија која е неопраделена, непрецизирана, од причина што незнам што се подразбира под тоа, соодветно високо образование, дали се мисли за високо образование од економски, правни или криминалистички науки, или било кои.

Во членот 17 став 1се предвидува можност за засновање на централни полициски служби кои ќе се раководат, како што се нагласува во ставот 3, така наречени началници. И тука, покрај началникот на овие централни полициски служби не се предвидува да има заменик кој, нормално во отсуство на началникот, оправдано или не оправдано би можел да направи замена или пак вршење на функцијата на заменик на началник.

Исто така се говори и за соодветно високо образование, се говори во ставот 5, за дискреционо право, како што е правото на именувањето и разрешувањето од страна на министерот, право кое за жал, ќе повторам уште еднаш му е дадено на министерот, а понатаму се говори за постапка за која ние тука расправавме со часови, како што е транспарентната постапка.

Членот 20 е член кој говори за начинот за организирање на полицијата која во иднина ќе функционира како субјект за себе. И во овој член се говори за Секторот за внатрешни работи. Од друга страна се говори за Законот за полиција. Јас не знам која е причината или пак зошто овие сектори не се именуваат како сектори за полиција, туку се именуваат како сектори за внатрешни работи.

Во ставот 2 се говори за у словите или критериумите кои треба да ги исполни еден сектор, така како што се нагласува, Сектор за внатрешни работи, за да ги исполни и да може да се основа како сектор, независен сектор. Како услов се нагласува територијата, големината на подрачјето, бројот на населението, бројот на кривичните дела и прекршоците, како и значењето на патните правци и географската положба на општините.

До колку внимателно се прочита ставот 3 каде се говори за седиштата на секторите, ќе видиме дека ниту еден од горенаведените критериуми, со мали исклучоци, не се почитува.

Ќе биде добро госпоѓицата министер да слуша, доколку сака внимателно да ги слуша моите забелешки, затоа што гледам дека таму и се двајцата колеги од нејзината партија кои и сметаат таа навистина да слуша. Мислам дека не е сериозен пристап. Доколку не сака да слуша, тогаш ќе се повлече.

Ќе ве молам, господине претседател да и скренете вниманите на госпоѓата министер.

**Љубиша Георгиевски:** Јас велам тишина. Друго внимание немам право да скренувам.

**Аднан Јашари:** Тогаш јас ќе почекам министерката да го заврши разговорот со своите партиски колеги, за да може да слуша. Мојата цел е да слуша министерката.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете. Јас оттука имам забелешка дека ве слуша.

**Аднан Јашари:** Добро.

Во членот 20 став 3, уште еднаш ќе нагласам за определување на седиштето на Секторите, речиси да не е почитуван ниту еден критериум кој е нагласен во став 2 во член 20.

И во првата фаза, меѓутоа и сега, ќе го повторам истото, а тоа е дека основна забелешка во тоа време беше токму прашањето кое јас го поставив тогаш, за тоа зошто седиштето на Секторот за внатрешни работи е определено во Охрид а не во Струга, во услови кога Струга, речиси без исклучок ги исполнува сите критериуми кои се определени во член 20 став 2. Одговор немав ниту тогаш. Сигурно дека и сега нема да добијам одговор, иако сум длабоко убеден дека сите знаеме кој е одговорот.

Член 22, каде се говори за началниците како раководители на секторите за внатрешни работи и тука во став 2 точка 1 се говори за соодветно високо образование. Повторно ќе кажам, не утврдена терминологија.

Понатаму, во став 3 се вели: “началникот на Секторот за внатрешни работи го назначува и разрешува министерот од редот на вработените во транспарентна постапка”.

Значи тука се употребува транспарентноста или пак тоа што ние го нарекуваме транспарентна

постапка за која што ние разговаравме доста и јас нема да се задржам на тоа.

Во членот 24 се зборува за политичките станици или пак за тн., раководителите на полициските станици како што пишува тука дека се именуваат како командири. Мислам дека членот 24 е во директна спротивност или спротивречност со Анекс -Б) точка 4 од Охридскиот договор, затоа што во Анекс - Б) точка 4 од Охридскиот договор не се говори за командири, туку се говори за тн., локални началници. Сепак, додека сум тука сакам да го нагласиме и тоа дека овие измени не се само од терминолошки апскет, туку има и измени во содржински аспект или аспект на надлежности што ги има едниот или другиот раководен орган кој што може да се именува како началник. Не случајно и во првата фаза но и сега ќе нагласам дека не се случајни овие измени од терминолошки аспект, измена на терминот командир.Тоа се употребува во Охридскиот договор, значи локален началник.

Член 35 каде се говори за обврската командирите на полицијата да ги информираат редовно општинските совети во однос на безбедноста во комуникацијата. Мислам дека тука треба а се додаде уште еден став преку кој ќе треба да се нагласи дека командирите на полицијата ќе треба да изготват информација која ќе треба да ја усвојат советите на општините. Тоа го кажувам затоа што преку овој став ќе се изврши операционализација, многу подобра, на точка 4 Анекс - Б) од Охридскиот договор.

Член 26 за кој дадов критики и во првата фаза, ќе дадам и сега, се говори за регионалните центри и за нивните седиште. Предвидени се четири регионални центри со четири седишта. Ниту еден нема седиште во западна Македонија. Кои се причините, не знам.

Во членот 26 исто така во став 4 се говори за начинот на именување и разрешување од страна на министерот, дискреционо право, во исто така транспарентна постапка за која што говорев. Во членот 27 се говори за полициските станици, за обезбедувањето на државната граница и за надзор на државната граница. Меѓутоа, во овој член не се говори и за критериумите или пак за условите или начинот, врз основа на што ќе се направи основање на полициските станици, така како што се говори со општи надлежности. И тука во другиот став на овој член се говори за дискреционо право, меѓутоа сега не на министерот, туку на директорот на Бирото. Член 32, во став 1 се говори за можноста на ограничување на основните права и слободи на човекот или граѓанинот. И во првата фаза од овој текст, дадов забелешки затоа што јас ценам дека без оглед на тоа што го продолжи не се нагласува дека ограничувањата на слободите и правата на човекот и граѓанинот може да се направи во постапка утврдена со Уставот и со закон. Мислам дека поимот ограничување ќе биде добро да не фигурира во овој член затоа што моја проценка е дека полицијата може да спроведе определени постапки и преку кои ќе се направи приведување или затворање на граѓаните или на определени поединци, меѓутоа мислам дека и пак ќе нагласам, мислам дека поимот ограничување според мене или пак според моето убедување ќе биде добро да не постои воопшто во членот 32. Член 33, за кој што ние расправавме, јас во текот на расправата по амандманите кажав дека во членот 33 став 1 каде што се говори за начинот на легитимирање на полицискиот службеник кои што се униформирани, нивното легитимирање да може да се направи на барање на граѓанинот. Ценам дека тоа не е во ред. И ќе беше добро зборовите “на барање на граѓанинот”, за кое што ние расправавме, да се избришат поради причините што јас ги нагласив во текот на расправата што ја водев во однос на овој амандман. Меѓутоа, ќе нагласам пак, доколку пратениците можат да се легитимираат, или пак имаат своја легитимација, тогаш незнам која би била причината во текот на спроведувањето на полициските овластувања кои што се предвидени во неколку членови, 33, 34 и 36 да не може без оглед на униформата, да не може полицијата екс официо, или задолжително да се легитимира. Член 36 каде што се говори за полициските овластувања или на полициските службеници, меѓу другото се дава право на полицискиот службеник или на полициските службеници да дејствуваат, или по лична одлука да применуваат . Мислам дека и во овој случај се говори за едно дискреционо право кое што се дава на полицискиот службеник. Затоа не сум за тоа да постои, или пак да останат овие зборови. Значи, доволна е наредбата од раководните лица во полициските сектори, меѓутоа не и применување на лична одлука, според лична одлука како што пишува во членот 36, значи спроведување според лична одлука.

Во член 43 се говори за повикување, или за пишаните повикувања, меѓутоа не говори за јазикот на кој што треба да е напишано повикувањето. Работа која што е уредена речиси со сите акти од формално правен карактер како што се на пример законите за административна постапка, законите за кривична постапка, законите за парнична постапка и тн. Во сите овие закони што јас ги нагласив покрај другото е уредено и прашањето на употребата на јазикот во пишана форма на повикувањето.

Во членот 47 став 1, точка 1 мислам дека тоа го кажав и во текот на амандманската расправа, мислам дека треба да се избрише таа точка затоа што во оваа точка се пишува за приведување без писмена наредба, приведување кое што споед овој член се предвидува, или се дозволува да се направи и во случај на идентификација на определени лица.

Член 51 говори за полициските овластувања и за мерките кои што треба да ги преземе полицијата или полицискиот службеник во случај да не се реализира став 1 од член 51. Значи мислам за став 2 каде што се говори за потерницата и тука е дозволено, всушност не е уредено прашањето на кој начин и преку кои средства за информирање и

на кој јазик ќе се направи распитот, објавата или потерницата.

Во член 59 став 2, каде што се говори за средствата од продажбата на работите привремено конфискувани да може после истечениот рок тие средства да бидат буџетски средства. Јас ценам дека и на овој став не му е тука местото затоа што средствата кои што се реализираат од продажбата на конфискуваните работи треба да се вратат на сопственикот на тие работи, а не да бидат буџетски приходи.

Член 60, за кој што ние дебатиравме, посебно сме расправале за став 2 и нема веќе да дебатирам во оваа прилика. Имам забелешка на членот 65, за снимање на јавните места и за ова сме расправале, за тоа во кој случај нетреба да се дозволи снимање на јавните места. Затоа во оваа прилика нема да зборувам за тоа.

Во член 71, каде што се говори за чувањето на евиденцијата од страна на полицијата и за таканаречените кривични дела, мислам дека во став 1, требало, нагласувам требало податоците така како што се нагласува тука, значи податоците кои што може да се искористат од страна на органите или определени научни институции, за определени статистички или аналитички цели во институциите да може секогаш да се добијат во согласност со специјален уставен закон кој што го уредува ова прашање како што е Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Ова го велам затоа што во овој закон има определени одредби кои што го уредуваат начинот и ги уредуваат условите не само за физичките лица, туку и за определени институции за да дојдат до информациите од јавен карактер.

Член 81 став 3, исто така имам забелешки, затоа што во овој став се говори за можноста за оправданоста на употребата на огнено оружје во определени случаи и кога се предизвикува тешка телесна повреда или пак настапи смрт на некое лице, да може за овој случај да проценат значи специјализирани единици или пак надлежни организациони единици на Министерството, а јас мислам дека во овој случај ќе беше добро за проценка, посебно за проценка за постоење на факти за постоење или непостоење на кривично дело да се дозволи можноста на одлучување и на понадлежни органи како што се јавните обвинителства или пак јавниот обвинител.

Член 97, за кој што говорев, меѓутоа ќе повторам уште еднаш, посебно значи ставот 2, каде што се говори за можноста за основаање на работен однос на лицата кои што се стипендисти или пак кои што се завршени студенти на Полициската академија да можат да засноваат работен однос без јавен оглас. Мислам дека оваа одредба не треба да постои ззтоа што се дискриминираат другите студенти кои што завршуваат приближно слични факултети, или пак приближно исти. Затоа како таков став мислам дека не му е местото во овој член.

Член 105 став 2, кој што говори за можноста на зачленување во политичка партија на полицискиот службеник. Исто така мислам дека е грешка затоа што поради злоупотребите што можат да следат од зачленувањето на некои полициски службеници во некој субјект, или политичка партија. Затоа оваа забелешка ја дадов и во првата фаза, ќе ја повторам и сега.

Член 120, каде што се говори за резервниот состав на полицијата. И оваа забелешка ја кажав во првата фаза, ќе ја кажам и сега пак, требало да постои уште една одредба исто со која би се уредило прашањето на можноста на застапување на правичен и соодветен начин на сите припадници на етничките задници во Македонија и во овој сектор на полицијата. Повеќе од вистина е дека се говори за одредба, меѓутоа мое мислење е дека во една таква одредба би требало да се нагласи, во овој дел кој што говори за резервниот состав на полицијата.

На еден семинар каде што бев учесник, меѓу другото го нагласив и прашањето зошто Предлог-законот за полиоција или текстот на Предлог-законот за полиција не уредува прашања кои што беа нагласени од неколку пратеници, претходно посебно од пратеникот или претходниот говорник. Прашањата кои што се поврзани со употребата на јазикот или јазиците. Ќе кажам јавно, го кажав значи на еден семинар, ќе повторам и сега.

Амандманот 5 посебно став 4, каде што се говори за прашањето на комуницирање на граѓаните со полицијата требало да се операционализира со одредбите од овој закон. Во оваа насока овој амандман воопшто не е операционализиран затоа што во ниту еден член од текстот на овој закон не сум наишол на норма која што би го уредила ова прашање. Во оваа насока сакам да нагласам дека не е уредено прашањето на комуницирањето на граѓаните со органите на полицијата, не е уредено прашањето на употребата на јазикот, на униформите на полицијата итн.

Јас повторно ќе кажам дека ова прашање сум го покренал и јавно на еден семинар каде што биле присутни и неколку претставници од Правниот факултет во Скопје. Ќе повторам и сега, моја проценка е дека овие прашања требало да се операционализираат си Законот за полиција. Ви благодарам .

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Иван Анастасовски. Повелете.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници, почитуван министер за внатрешни работи.

Јас еднаш реков, пак ќе повторам дека имав прилика по однос на потребата од овој закон да дебатирам во претходниот парламентарен состав и за сето тоа изнесов одредени забелешки по однос на текстот на законот и за да останам конзистентен во политиките за кои тогаш се залагав, а и сега ја имам таа прилика повторно во

оваа фаза да го кажам своето размислување. Од она што значеше пет забелешки по однос на членовите од текстот на законот, мене ми е навистина жал што некој претходно немал сенс да ги разгледа тие забелешки и да ги вгради во самиот текст на законот иако тие беа чисто технички. Меѓутоа, дебатирајќи околу амандманите кои беа предложени од колешката Роза Топузова-Каревска успеавме дел од нив да се вградат, значи да бидат прифатени од министерот и да се вградат во самиот текст на законот.

За другите забелешки не би сакал сега да говорам дека е доцна, меѓутоа ќе останам принципиелен и ќе разговарам само по одредени членови. Значи два члена од текстот на законот. Знам дека не можам да дадам во оваа фаза допринос меѓутоа овој закон ќе влезе во сила година дена откако ќе излезе во Службен весник, значи се остава простор со дополнителна интервенција тоа да се направи. А тоа не е многу. Јас тогаш говорев, се извинувам заборавив да кажам дека претходната влада има направено одредени корекции, бидејќи барајќи ги членовите во законот гледам дека се поместиле за две до три места подолу.

Значи во членот 3 од овој закон, бидејќи се работи за основната функција на полицијата и целта кој што извира од Уставот на Република Македонија барав после зборовите “основни слободи и права на човекот” да се додаде терминот “ и достоинство”. Бидејќи тој термин го има во членот 25 од Уставот на Република Македонија исто така, а од друга страна во тогашниот член 28, кога јас сум барал а сега станал член 32 од овој текст, исто така го има, цитирам: “и да ги почитува достоинството, угледот и честа на лицата”. Значи, во тој член таа формулација која е извадена од Уставот веќе постои. Значи, јас барав, таа истата формулација од членот 25 од Уставот на Република Македонија цитирам: “на достоинството и угледот” да бидат вградени во текстот на законот. Верувам дека ќе има простор понатаму тоа да се доработи. Останатите мои заложби во првата фаза, ќе повторам, беа предмет на расправа и беа прифатени. Голема благодарност до министерот. Затоа, и да не должам многу време и да не го одземам вашето драгоцено време, само ќе апелирам тоа да се разгледа понатаму и да се вметне таа формулација, бидејќи силината на таа формулација извира од Уставот на Република Македонија.

Мојот колега Веле Митаноски кажа каков е ставот на нашата пратеничка група, јас немам потреба да го повторам, ја знам важноста за донесување на овој закон и ќе оставам простор на другите кои се пријавени после мене да го кажат својот збор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Владанка Авировиќ.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер,

Во овие 10 дена од амандманската расправа по повод овој важен закон имав прилика да учествувам директно во читањето и дискусиите на вкупно 52 приложени амандмани.

Многу ми е жал што колегите од ДУИ не дадоа свој придонес во вид на амандмани онака како што беше деловнички предвидено и во роковите во кои беше предвидено со овој Деловник. Ќе имавме многу поголема шанса да се произнесеме и по нивните евентуални амандмани и со најголемо задоволство и со индигнација отфрлам дека како дел на позицијата спроведувам или учествувам во некаква диктатура која денеска беше кажана од некои пратеници.

Имено, се донесува еден закон по важност можеби еден од најсериозните закони кој е еден пас, еден чекор понатаму во нашата имплементација и нашата заложба да се евроинтегрираме.

Во дискусиите од моите колеги сретнав што е она што е новина во овој закон и што е она што Македонија ја доближува до Европската Унија. Според мене, тоа е дека преку овој закон, новиот закон за полиција се идентификуваат и обзнануваат работи со кои истата ќе се занимава многу повеќе од досегашниот закон.

Второ, новиот закон претпоставува значајни измени и во полициското организирање, рушење на традиционалната цврста, хиерархиска организација и градење на нов стил на полициско однесување.

Понатаму, во подготовка на овој закон се земени во предвид обврските кои Република Македонија ги има како член на Советот на Европа и препораките содржани во европскиот кодекс на полициската етика, Европската повелба, како и препораките усвоени од министрите на Советот на Европа.

Понатаму, со овој закон се има за цел фаворизирање на локалните полициски оддели со што ќе се редуцираат бирократските негативни ефекти и аспекти кои досега се случуваа во менаџирањето на довербата на граѓаните и потенцирање на поголема јавност на она што припадниците на полицијата го прават.

Понатаму, со овој закон сметам дека ќе се помогне во голема мера во идентификација и отстранување на причините кои го генерираат криминалот, кој, да се потсетиме, Македонија ја става во една од најнепожелните земји во моментот во светот според сите и европски и светски стандарди.

Затоа не прифаќам мислење дека ако се стави како началник на некој сектор на внатрешни работи или командир на некоја полициска станица или некој началник на регионален центар за гранични работи кој е албанец дека ќе ми биде страв од неговото делување. Или обратно. Денеска беше изречено да не се плашиме ние

Македонците од Албанците. Ние не се плашиме ниту тие треба да се плашат. Овде се зборува за еден закон кој директно врши нов начин на организирање на полицијата, зборува за овластувања во точката 4 од овој закон, единствено што можеме да дадеме придонес со подзаконските акти во наредните фази на подобрувањето на овој закон, бидејќи се е дијалектика, тоа е да ги приближиме до граѓаните сите новини кои ќе се спроведат со овој закон, а апел е и должност на министерот за внатрешни работи овластувањата на полициските службеници во сите хиерархиски редови точно и прецизно да ги кодексираат, да се знае што подетално со тие овластувања можат полициските овластени функционери да вршат.

Затоа Социјалистичката партија со сето ова што го кажав сметам дека ќе даде придонес со гласањето за овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам,

Има збор господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувана министерке,

Дозволете ми на почетокот да дадам свои забелешки за самата потреба од донесување на еден ваков закон, во каков амбиент го носиме самиот закон гледајќи од неколкунивоа од аспект на внатрешни односи во Република Македонија.

Сведоци сме на зголемено ниво на криминалитет по сите написи, по сите сознанија, по сите извештаи и на зголемено ниво на корупција, нарушено владеење на правото заради откажување на одредени институции на системот на спроведување на законските нормативи и процеси и, се разбира, во таков амбиент главната улога на Министерството за внатрешни работи односно на полицијата со извршни дејствија, а во функција на спроведување на правото, значи владеење на правото на територијата на цела Република, зголемување на одговорностите и нивото на значење кое го има оваа институција.

Ако се гледа од нивото на меѓународниот аспект потребата од интеграција на Република Македонија во евроатланските процеси од аспект на обезбедување на глобален амбиент на спречување на криминални дејствија од меѓународни размери и на територијата на Република Македонија се разбира дека еден ваков закон е од суштинско значење за подигањето на меѓународниот углед и дигнитет на Република Македонија во оние процеси на вреднување од страна на Меѓународната заедница.

Но, ако зборуваме за самата содржина на законот ќе дадам еден осврт само на второто поглавје таму каде копјата најмногу се кршеа и во амандманската расправа, впрочем и самата Влада во текот на амандманската расправа интервенираше со свои амандмани, со свои нови решенија.

Моите забелешки се однесуваат на две нивоа. Првото ниво за мене лично несватливо како може во еден закон да се пропишуваат одредени критериуми, норми, стандарди, по кои се донесуваат одредени законски решенија во смисла на подобра организација на полицијата како институција во подигање на зголемена ефикасност на работење на самиот систем.

Критериумите се прецизно наведени во законските решенија, а сепак предлагачот не ги почитувал своите критериуми и значително отстапувал при донесување на последните решенија во делот на организација на полицијата.

Конкретно станува збор почнувајќи од територијалната распределба на секторите во делот на секторското уредување, организирање на извршните работи на полицијата. За мене несфатливо зошто нема логички односно нема никакви објаснувања, појаснувања, реплики од страна на претставникот на Владата на сите оние предложени амандмански решенија кои се однесуваат на укажување на потребата од поинаков начин на организирање на полицијата на територијата на Република Македонија, почитувајќи ги наведените критериуми, но почитувајќи ја и реалната состојба која владее на територијата на Република Македонија.

Да бидам поконкретен мојата најголема забелешка се однесува, се разбира, на предлогот на мојот амандман на Секторот 9 значи Прилеп да го добие своето место како Сектор со надлежност над општините Крушево, Долнени, Македонски Брод, Кривогаштани и старите општини кои го изгубиле својот статус Тополчани и Мариово, Витолиште.

Ако зборуваме во тој дел и ако ги споредиме сите оние податоци, а голем дел од колегите во расправата се согласија со тие констатации, со тие параметри кои беа искажани со тие аргументи, но немаше конкретен одговор од страна на претставникот на Владата да добиеме одредени сознанија зошто тоа со аргументи се отфрла. Инаку, не може да стане збор за ефикасно работење на полицијата кога се избегнува организација на сектор во подрачје со висок изразен процент на криминалитет споредбено со сите статистички показатели по проценти по број на население населено на таа територија.

Второто ниво кое кај мене предизвикува навистина големи дилеми за поддршка на законот е самата интервенција на Владата со амандмани кои се однесуваат на скратување на роковите односно годините на работно искуство или народски кажано стаж, за да се здобие со можност за именување односно конкурирање на раководна позиција во новите организациони форми на полицијата.

Искрено да ви кажам и во другите законски решенија кои ја третираат проблематиката на дефинирање на услови под кои одредено лице може да стекне можност да биде именувано на одредена функција не се до крај решени овие прашања.

Се понадевав дека барем во овој закон ќе се фокусираме и на други можности, параметри кои ги вреднуваат квалитетите на една индивидуа да биде поставена на одредена функција, а не само годините на стаж односно годините на работно искуство.

За жал, тука копјата најповеќе се кршат дали треба да има 12 години работен стаж или шест години без да бидат дефинирани други параметри односно вредносни критериуми кои ќе ги ставиме во функција на подобрување на квалитативни кадровски решенија во полицијата.

Според мене во законот никаде не се третирани или валоризирани критериумите кои се однесуваат на повисоко ниво на образование кое една индивидуа го стекнала во текот на својот професионален ангажман и тоа да биде инкорпорирано како дополнителен позитивен критериум при вреднување на неговите капацитети за поставување на одредена функција. Или, дали таа индивидуа, дали тој поединец ќе поднесе соодветна програма, има своја визија, има своја концепција како да го развива тој сектор, како да ги отстранува проблемите кои постојат во тој сектор, каква динамика на активности краткорочна или долгорочна ќе преземе за да ги спречи дубиозите кои се јавуваат во делот на работењето на полицијата на тој сектор односно на делови од тој сектор. За мене е исклучително важно и доколку во законот беа дефинирани и такви подетални параметри кои на поинаков начин ги вреднуваат капацитетите на еден поединец, верувам дека во изминатите две недели немаше да има такви спротивставени мислења за годините на стажот. Може да има  и 30 години стаж тоа не е никаква гаранција дека тој човек квалитативно ќе одговори на задачата која функцијата ја налага.

Она што лично ме разочара во оваа двонеделна дебата е нивото на комуникација која ние пратениците ја имаме со претставникот на Владата. Верувам дека и во наредниот период ќе се случуваат слични вакви работи, значи опозицијата ќе спротивставуваат свои аргументи, свои забелешки дали формални или неформални, а од другата страна нема одговор. Дали ќе работиме на таков начин, дали ќе наметнеме дијалог на глуви во кои нема да имаме спротивставување на аргументи, опозицијата секогаш ќе биде обвинувана дека ги кочи процесите на усвојување на законите без доволно да биде вреднуван било каков напор за квалитативно подобрување на законските решенија кои пред овој законодавен дом ќе бидат доставувани. Тоа е прашање кое во иднина често ќе биде поставувано и ќе биде наметнувано во собраниските дебати.

Не може да се очекува во сите оние реплики што се изнаслушав две недели да имаме општо национален консензус по исклучително важен закон, како што е законот за полицијата, да направиме напор сите заеднички да донесеме едно компромисно решение кое ќе ги задоволува сите оние барања, стандарди наметнати и од внатреашно и од надворешно ниво без да се има минимален слух за сите оние аргументирани поднесоци во форма на амандмани кои опозицијата ги има доставено.

Сметам дека на нас пратениците е оставено правото кој пат ќе го избереме, дали ќе го користиме временскиот период само беспредметно да си доставуваме забелешки, некогаш да заличуваме дека политички односно маркетиншки настапуваме само заради подобрување на личниот рејтинг или рејтингот на сопствената политичка партија во чие име сме бирани и настапуваме и пред народот фингираме дека ги застапуваме нивните интереси или навистина аргументите ќе ги спротивставуваме без некои претензии дека секогаш ќе бидеме во право со оние аргументи кои ги спротивставуваме.

Јас очекувам дека можеби во наредниот период како што имаше реплики од една моја колешка од позицијата дека секое наше вакво искажување ќе биде спротивставувано, па добро овој закон беше донесен во оваа форма во време на владеењето на СДСМ и коалиционите партнери и не треба да дискутирате и да дебатирате ниту да предлагате поквалитативни решенија бидејќи вашето време на дејствување е поминато и сега треба едноставно премолчено да го проследите процесот.

Не се согласувам со вакви констатации и ако во иднина постојат, ги отфрлам, не сакам да земам реплики, дополнително да го одложиме времето и затоа ја користам оваа прилика во искажувањето, да порачам дека некои законски решенија во било каква форма, биле доставувани порано, не значи дека не треба да бидат ревидирани и не значи дека биле најквалитетни и не значи дека ние не можеме да дадеме свои сопствени согледувања, вложувања и лични и од името на пратенички групи, во подобрување на законските решенија. Затоа ги молам претставниците од позицијата да сфатат дека нема секогаш дискусиите да бидат ставени во функција на одложување на времето на донесување на законот. Напротив, треба да се има предвид и тоа дека постои лична и колективна потреба и на опозицијата, за донесување на закон, но при спротивставување на аргументите, при одговор од страна на позицијата со други реални аргументи, зошто тоа не се прифаќа, а не да се користи мајоризацијата како принцип на амблок отфрлање на било какво друго решение. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Имаме реплики.

За реплика се јавија пратениците Дамески Панче, Димеска Катерина и Димовски Илија.

Повелете господине Дамески

**Панче Дамески:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јасно е дека овој закон не е идеален и дека сите имаме одредени забелешки, па така и јас сум на мислење дека во поглед на бројот на секторите за внатрешни работи кои се одредени согласно големината на

подрачјето, бројот на населението, бројот на кривичните дела и слично, дека и мојот град треба да биде сектор и се надевам дека во следниот период од една година ќе има измени во таа област. Меѓутоа не можам а да не забележам дека е крајно лицемерно и со политички популизам, од господинот Герамитчиоски, кој да напомнам дека беше член на Владата на СДСМ која го донесе овој закон и тогаш тој воопшто не реагираше во создавањето на овој Предлог текст. Сега како опозиционер за собирање на евтини политички поени, господинот Герамитчиоски се јавува како најголем поборник за тоа Прилеп да добие сектор. Од друга страна нивната поддршка, значи поддршката на неговата партија е дека ќе се поддржи овој закон доколку ние не направиме никакви суштински промени на овој закон. Значи една контрадикторност од нивна страна. Уште еднаш ќе речам, политички популизам и лицемерие.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Герамитчиоски една минута контра реплика.

**Тале Герамитчиоски:** Жал ми е што и покрај мојот апел на крајот од мојата дискусија, се заплива во тие води. Почитуваниот колега не може да знае дали јас сум се спротивставил или не сум се спротивставил на тие владини седници за да го тврди тоа. Второ, да го заборавиме тоа. Јас не зборував од мое лично име. Советот на град Прилеп заседаваше и не обврза нас пратениците од Прилеп да ги застапуваме овие ставови. Тоа не е лицемерие. Сите пратеници во писмена форма добиваа ставови од Советот на општина Прилеп.

Се направија суштински измени во законот, во однос на оној дел кој СДСМ го предложи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има реплика пратеничката Димеска Катерија.

**Катерина Димеска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана министерке.

Мојата реплика е во правец на дискусијата на господинот Герамитчиоски. Имено и јас потекнувам од градот Прилеп и во врска со амандманот кој беше предложен за нашиот град, во членот 20, сакам да изразам една поддршка во однос на овој амандман. Истата ја дадов и во моментот кога се гласаше амандманот. Меѓутоа, мојата реплика беше во насока на дискусијата што беше кажано дека се спроведува една пракса на дијалог на глуви. Почитуван колега тоа беа ваши зборови. Мислам дека помина периодот кога дебатиравме околу амандманите, со една подолга расправа и тука се кажаа многу забелешки, многу предлози и многу сугестии. Парламентарното мнозинство, онаму каде што ценеше дека има потреба да се даде поддршка на предложените амандмани, даде таква поддршка. Знаете дека во однос на членот 33 беше дадена поддршка во контекст на амандманот кој беше предложен и во насока на она што од нас го бараат меѓународните организации кои очекуваат законска рамка со која ќе се уредат полициските работи и од тие причини почитувани колеги, за нас пратениците од Законодавниот дом е потребно да обезбедиме еден парламентарен консензус од сите политички партии, за донесување на овој закон. Сите добро знаеме од колкаво значење е донесувањето на овој закон и во тој правец јас сакам на сите колеги пратеници да им порачам, од сите политички партии, да го постигнеме овој консензус и да го поддржиме законот во форма каква што го имаме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеникот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Право да ви кажам, не разбирам. Ако се однесува на мене репликата, нека не се обраќа до министерката. Овде не разбрав што сакаше колешката да ми реплицира. Изгледа дека имаат задача, секогаш кога Тале Герамитчиоски ќе се јави за збор, дека тие треба по автоматизам, бидејќи потекнуваат од истиот град, да се јават за реплика, што е навистина смешно.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јавува пратеникот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Иако не сум од Прилеп, можби имам право да му реплицирам на господинот Герамитчиоски поради тоа што господинот Герамитчиоски долго време е на политичката сцена и има завиден опус кој може да се коментира. Меѓутоа, тоа не е тема на денешната расправа, иако се обиде да даде осврт како тој постапувал додека бил член на Владата на Република Македонија, во време кога се работел овој закон, кога бил во владината процедура. Ќе повторам, тоа не е тема на денешната расправа.

За да не ги користиме, почитуван претседателе, нашите ораторски способности при расправата за многу битни закони во Република Македонија, а притоа да не ги употребуваме прецизните аргументи, јас сакам да потсетам на неколку работи:

Прво, Владата на Република Македонија очигледно имаше сериозна намера да обезбеди широк политички консензус при донесувањето на овој битен и суштински закон. Во таа намера претседателот на Владата на Република Македонија оствари неколку средби со лидерите на парламентарните партии во Собранието на Република Македонија. Притоа тој се сретна со лидерот на СДСМ.

Две суштински работи во законот се и тоа: бројот на секторите и годините потребни за стаж, за вршење на раководна функција во МВР. Ставот на СДСМ, претставуван од доскорешниот лидер Владо Бучковски, беше дека СДСМ ќе го поддржи законот...

**Љубиша Георгиевски:** Внимавајте во искажувањето. Не е доскорешен.

**Илија Димовски:** Се извинувам.

Значи, СДСМ, се рече, ќе го поддржи законот ако нема измени во овие две суштински прашања кои се дел од законот за полиција. После подолги расправи Владата понуди измена на еден и единствен суштински дел. Тоа е бројот на години потребни за вршење на одредена раководна позиција во МВР, со што лидерот на СДСМ се согласи и кажа дека е прифатливо ако не се промени бројот на секторите кои се утврдени со Предлогот на законот, подготвуван во време на СДСМ. Во тој Предлог закон има осум сектори и во тој Предлог закон го нема секторот Прилеп. За моја жал, веројатно и за жал на многу пратеници присутни овде, поради тоа што тоа беше амандман што не помина, а имаше најмногу гласови за, сепак не доволни. Јас го побарав листингот после тоа и видов дека сите пратници од Прилеп гласаа за тој амандман, без разлика дали се од позиција или опозиција. Меѓутоа сакам да нагласам дека нашата намера е да обезбедиме широко парламентарно мнозинство за донесување на овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван колега јас не ги обвинувам пратениците од Прилеп, ниту дискутирав за нив. Јас си го искажав својот став по однос на изместеност на критериумите кои стојат во законот, а не се почитувани при обликување на секторите.

Што се однесува до договорот на нашиот претседател со премиерот на Владата, морам да ве потсетам дека во вториот дел битно се сменија сите одредби кои се однесуваат на годините на стаж. Значи се отстапило од договорот. Така што, не ми е јасно на што се повикувате кога одредбите на законските решенија каде годините на стаж, со амандманите на Владата се намалија, автоматски повлекуваат отстапување од она претходно законско решение што, еве во времето на СДСМ било структуирано.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Буџаку на кого реплика имате. Завршивме со репликите. Јас кажав на време. Имаше тројца пратеници кои се пријавија за реплика, јас ги прозвав и кажав дека се за реплика.

Но, добро, повелете само да знаете за друг пат штом ќе почне првата реплика, се пријавуваат сите за реплики и после нема пријавување. Очигледно не сте знаеле. Не е ништо страшно, а може некој и да не знае. Повелете.

**Агрон Буџаку:** Во рамките на дискусијата на поранешниот заменик министер и во рамките на неколку работи кои се кажаа, треба јасно да се каже и да се прецизира фактот, кога говориме за критериуми на сектори, не знам дали се гледа на екран и дали може тоа да се види (покажува некој документ).

Критериумите за основање на сектори се нешто што сме го спориле, бидејќи не се спроведени критериумите. Тоа е право на господинот Герамитчиоски да побара за Прилеп да има сектор, но треба да бидеме објективни, бидејќи во предвидениот сектор во Тетово, од осум сектори, бројот на жителите во Тетово е 304 илјади, според овој Предлог закон за кој постојано ве убедуваме дека нешто не е во ред со него, се предвидува двете полициски станици во Тетово да се опслужуваат од една полициска станица со 52 илјади жители. Но, на пример во секторот во Штип со 206 илјади жители кои ќе ги опфати тој сектор, значи 100 илјади помалку од тетовскиот, се предвидени седум полициски станици. Овде се работи за математика. Не е тоа егзактна наука. Просекот во услугите што ќе им ги нудат на граѓаните, ќе биде 29.428 жители. Значи дека освен Прилеп и дискусиите кои продолжуваат со вклучувањето на позицијата, на пример кога говорев дека овие аргументи кои сега ги спори мнозинството, ги искористиле пратениците од мнозинството. Кога ние бевме во позиција, вие господине Георгиевски, јас се извинувам што збирувавме за госпоѓа Бонева, но јас немав намера да ја ставиме на обвинителна клупа. Но, секам да го кажам тоа што се рече од страна на господинот Манчев кој обвинува дека ваков став имаше тогашната опозоција, кога сите тие оспорувања доаѓаа од пратениците на ВМРО во минатиот мандат. Така што доколку се придржуваме на критериумите треба навистина да се придржуваме. И вашиот коментар во однос на мене, мислам истата забелешка треба да ја упатите и кон господинот Манчев, бидејќи тој вели дека истите овие аргументи сте ги користеле и вие.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ве молам сите, уште еднаш кога ќе спомнувате партии, комплетно кажете го целиот наслов на партијата, за да се знае на кого се мисли. Треба да бидеме јасни во дискусиите.

Герамитчиоски Тале една минута контра реплика.

**ТалеГерамитчиоски:** Почитуван колега критериумите по кои се дефинирани секторите, се дефинирани во Глава 2, цели што треба да се постигнат со уредување на односите на предложениот закон. Дали се воопшта или во посебна форма, не знам, проценете и сами. Но, како тие критериуми се имплементираат при самата поделба по сектори, тоа е дискутабилно и јас тоа го наведов во моето обраќање, а како пример го посочив Прилеп. Не ја исклучувам можноста дека неправедно се имплементирани дефинираните критериуми и при определување на големината на секторите наведени во законот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Шабан Салиу.

**Шабан Салиу:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Со оглед на тоа што сме доста уморни и знаеме колку време посветивме на расправата околу овој Предлог закон, јас нема да зборувам за толку амортизираната тема, за значењето од

донесувањето на законот за полицијата, меѓутоа само би се осврнал на некои членови.

Од формално-правен аспект, одлично поставен, како во практиката ќе се имплементира, ќе оставиме на времето како најголем судија да оцени колку бил добар овој закон односно ние пратениците кои ќе го изгласаме. Меѓутоа, тоа не е крај на светот, нема идеален закон. Секој закон може да се менува или да се надополнува. Постојат механизми и инструменти како тоа во една законска процедура, во иднина, да се подобри. Меѓутоа, за да не се повторат сеништата од минатото кои сега би оделе на штета на граѓаните и државниот интерес, кој е сериозен кандидат за влез во северно-атланските интеграции и Европската унија, сето тоа со моја добра намера, како пратеник кој претставува една специфична заедница, ромската заедница, имам право и обврска да дадам одредени мислења, ставови, предлози и укажувања.

Што се однесува до членовите 2, 3, 5, сметам дека тоа претставува суштината и смислата на постоењето на овој закон од причини што тука се внесени основните темелни вредности на нашето општество и би било идеално доколку, согласно член 2, полициските службеници ќе ги извршувааат полициските работи во согласност со законот.

Во поглед на членот 23, жалам што од субјективни причини не можв и јас да поднесам амандман за воведување на една полициска станица во Шуто Оризари, како општина, поради карактерот и специфичноста на територијата и населението кое ја опкружува и населува оваа општина.

Потоа, во минатото како сторени дела, деликти кои беа од специфичен карактер и вооружени пресметки кои постоеа, особено беа активни во текот на сите изборни циклуси како на локалните избори, така и на последните парламентарни избори. Жалам што надлежноста на општина Шуто Оризари влегува во полициска станица Чаир, бидејќи досегашната практика се покажа катастрофална во дејствувањето на оваа полициска станица за спречување на кривичните дела, односно одредени реметења на јавниот ред и мир, односно нивните дејствувања секогаш биле со задоцнување, некогаш се случувало и воопшто ништо да не превземаат. Меѓутоа, не можам да кажам за пристрасноста, односно субјективниот пристап на полициската станица Чаир во минатите години, односно во случајот фалсификувани локални избори 2005 каде со дозвола, со едно попуштање на овластените лица кои ги следеа тие избори околу 800 мртви луѓе и иселеници успеале некако да гласаат за кандидатот за градоначалник во Шуто Оризари. Особено сметаме дека ангажираноста на оваа полициска станица Чаир во општина Шуто Оризари треба да биде на едно поголемо завидно ниво. Со оглед на тоа што нивната пристрасност кон одредени политички партии прави состојби да не можат да се поведат конкретни постапки.

На последните парламентарни избори, би сакал да знае јавноста дека е употребено огнено оружје од страна на другата политичка партија овде во Шуто Оризари. Меѓутоа, од страна на овластените лица во полициската станица ова дело е затаено, односно нема поведено никаква кривична постапка, поведена е само одредена прекршочна постапка за едно лице и покрај тоа што масовно се пукаше и беа загрозени животите на повеќе граѓани. Значи, од оваа говорница, со оглед на тоа што тука е и министерката, барам да се поведе конкретна постапка, истрага за последните парламентарни избори. Зошто овластените лица таму началникот и командирот на полициската станица не повеле постапка по член 133 од Кривичниот закон, загрозување со опасно орудие, тепачка, или караница.

Во однос на член 24, со оглед на тоа што се зборува за командири кои би можеле да ја вршат оваа работа, бидејќи сметам дека е направена една неправда во поглед на поставување на полициска станица во Шуто Оризари, а се зборува дека Министерството за внатрешни работи дека во најитен рок ќе воведе одделение на полициска станица. Предлагам и барам командирот на тоа одделение да биде граѓанин од ромската заедница, или доколку не се отвори едно такво одделение, командир, или заменик на началникот да биде во полициската станица Чаир. Има кадри, ќе се најдат кадри. Една информација, постои едно лице кое има и потребно работно искуство, има дипломирано на Факултетот за безбедност. Меѓутоа, за жал и двајцата граѓани од ромската заедница се префрлени како во казнено одделение, во одделението крвни деликти. Затоа тука би посочил и барам истите во најитен рок да се преместат на посоодветни места.

Во поглед на член 30 и член 33 каде се поврзани, кога треба да се употребува службената легитимација и значка? Сметам дека секој закон, односно хартијата трпи се. Во практиката се случува нешто поинаку. И покрај маратонското водење на процедурата дали треба да се легитимира, или не треба да се легитимира полициското службено лице. Во практиката често имаме појави каде што иако оваа цивилна полиција, јас би го прочитал член 33 став 2: кога полицискиот службеник ги применува полициските овластувања во цивилна облека, должен е најнапред да се легитимира. Тука би кажал неколку збора за специјалната граѓанска, како да ја кажам полиција Алфите кои никогаш тоа не го сториле. Напротив, направиле висок степен на тортура на граѓаните, ги имаат пречекорено своите овластувања, како што во една реплика кажав, од нивното непрофесионално дејствување е починато едно младо момче од ромската заедница Трајан Бекиров. Тоа е толку познато на јавноста. Меѓутоа, за жал, не знам, односно ќе барам информација за да видиме до каде е со тоа дело.

Бидејќи претходно постоеа индиции дека случајот се монтира во интерес на самата служба. Дека е така, дека полицијата, особено оваа цивилната Алфите не се легитимираат. И случајот во Гостивар каде брутално се претепани неколку млади ромчиња. Меѓутоа, мојот говор не би го ставил само на задолжително легитимирање од страна на овие специјални единици, туку би кажал дека и предлагам во најскоро време со некоја внатрешна одлука, механизми и инструменти кои ги има оваа единица да се укине, или да се трансформира. Не би сакал да бидам погрешно разбран дека сите припадници на оваа единица се некоректни, односно ги злоупотребуваат своите службени овластувања и наместо да откриваат криминал, тие ги прават истите криминали. Сметам дека не е во ред да се преземаат такви дејствија надвор од законските овластувања. Конкретно за оваа специјална единица. Јас не би зборувал сега за случаевите кои треба да се отворат, меѓутоа исто така специфичен е членот 39 каде што се работи за проверка на идентитетот став 1, со увид во неговата лична карта, или друга јавна исправа со негова фотографија. Верувајте ми јас сум практичар, многу години сум работел во суд, сум бил адвокат и прекршувањата се токму во овој член, особено што треба да внимаваме во практиката да не се злоупотребува токму оваа идентификација на лицата. Освен што постои одредена непрофесионалност кај полициските службеници, се водат постапки кои без лична карта, или друг документ за идентификација. Има луѓе од типот на Амети Иснија кој што е три години и 6 месеци во затворот Идризово, ниту крив, ниту сторил кривично дело. И покрај моите укажувања во судовите, по редовните законски постапки, за жал полицијата направила еден голем пропуст, не го сликала извршителот на делото, кој се послужил со изводот на родени на лицето Амети Иснија и се легитимирал. Освен што ја утнала работата полицијата, направена е една грешка и од останатите органи.

Во делот на Предлог на законот од член 43 до член 50 се зборува за материја која што се однесува за повикување, приведување и задржување на лица од страна на полицијата. Во минатото во практиката во полицијата често злоупотребувано право, е токму ова право, манипулација со граѓани, паушални толкувања лични, субјективни од страна на полициски службени лица. И во овие постапки, особено чувствителни, да се внимава на хуманото постапување, да се почитува достоинството, угледот и честа на лицето кое се повикува и се приведува во овие постапки, односно да се почитува член 32 став 2.

Јас би кажал нешто за член 96. Прво би го цитирал: при вработување во полицијата треба да бидат соодветно и правично застапени граѓани кои припаѓаат на сите заедници, со почитување на критериумите на стручност и компетентност. Токму тука алудирам на државните институции, дека за мојата заедница треба да се почитува принципот на позитивна дискриминација од редовните школи, потоа на Факултетот за безбедност, бидејќи се случува со години ниту едно лице од ромската заедница како студент на Факултетот за безбедност да не биде запишан. И затоа ние не ќе можеме да имаме како ромска заедница да поставиме кадри на овие толку чувствителни работни места, односно каде што ќе се бара во иднина работен стаж. Ви благодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Поради приближувањето на времето за Ифтар, 25 минути порано ќе ја завршиме оваа седница.

Би сакал да ве известам дека утре во 11,00 часот ќе ја одржиме Седмата седница на Собраниеот на Република Македонија. И доколку го исцрпиме дневниот ред на Седмата седница, ќе продолжиме со оваа овде каде што сега застанавме. Имаме и пријавени говорници. Ви благодарам на сите за соработката.

(Седницата прекина во 17,30 часот)